Konrad
Adenauer
Stiftung

Институт Павел Шатев
MACEDONIA HERITAGE INSTITUTE

# ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

## Функционирање и организација во демократските општества

Вилхелм Хофмајстер / Карстен Грабов

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

# ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Функционирање и организација во
демократските општества

---

Вилхелм Хофмајстер / Карстен Грабов

# Импресум

Наслов:

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ
Функционирање и организација во демократските општества

Издавач:
Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Институт Павел Шатев - Скопје

Автори:
Вилхелм Хофмајстер / Карстен Грабов

Координација:
Давор Пашоски

Превод:
Перица Сарџоски

Лектура:
Ивана Коцевска

Печат и дизајн:
Винсент графика

Тираж:
500 примероци
Публикацијата може бесплатно да се преземе на:
http://www.kas.de/mazedonien

**Напомена :**
**Ставовите изнесени во Публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер и на Институтот Павел Шатев, туку се лични гледишта на авторите.**

# Содржина:

**Предговор** 8
Фондација Конрад Аденауер, Република Македонија
**1. Политички партии и партиски системи** 12
1.1 Што се подразбира под политичка партија? 13
1.2 Критериуми за идентификување на политичките партии 14
1.3 Зошто постојат политички партии? 16
1.4 Функции на политичките партии 18
1.5 Политички партиски системи 20
1.6 Типологии на политички партии 22
1.7 Партии и идеологии 27
**2. Современ менаџмент на политичките партии** 30
2.1 Организација и членство 31
2.2 Членови на политичка партија 37
2.3 Регрутирање на нови членови 39
2.4 Едукација и обука на партиските членови 42
2.5 Програми на политичките партии 44
2.6 Внатрешна и надворешна комуникација 46
2.7 Внатрепартиска демократија 52
2.8 Внатрепартиски конфликти и решавање на конфликти 55
2.9 Квота за жени и малцинства 57
2.10 Финансирање на партијата 59
**3. Политичките партии и нивниот однос со граѓанското општество и интересните групи** 66
3.1. Партиите и граѓанското општество 68
3.2. Партиите и здруженијата 70

**4. Политичките партии во парламентот и владата** 74

4.1. Пратенички групи 77

**5. Партиско лидерство** 78

5.1. Дилемата на политичкото лидерство 82

5.2. Лекции од политички лидери 83

**6. Предизвици за политичките партии во демократските режими** 88

6.1. Политичките партии и промената во општеството 89

6.2. Критериуми за одржлива и успешна партиска работа 94

**7. Заклучок: Нема демократии без политички партии** 98

**8. Краток осврт на политичките партии во Република Македонија** 100

д-р Васко Наумовски,
Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје

м-р Јован Андоновски,
Институт Павел Шатев, Скопје

**9. Фусноти и користена литература** 112

*„Несомнено е дека сета човечка размисла и сето човечко дејствување честопати зависат од времето и се подложни на промена. Но, доколку направиме политичка партија која се држи до барањата кои ги диктира времето, тогаш таквата партија ќе биде стерилна и кратковечна. Особено партиите, или подобро кажано, особено политичките партии, доколку сакаат да опстојуваат, треба да бидат изградени во длабочина. Тие треба да почиваат на вечни вредности".*

*Конрад Аденауер*

# ПРЕДГОВОР

## ПРЕДГОВОР

Политиката е процес низ кој се организира заедничкиот живот во едно општество. Во услови на демократија секој граѓанин може да учествува во тој процес – преку слободно пристапување до информации во врска со политички прашања, преку отворено изразување на своите мислења во врска со јавни прашања, преку градење на очекувања, предлози или барања без страв од угнетување, преку гласање на избори, преку ангажман во граѓанските организации или политичките партии или преку кандидатура на демократски избори. На ваков начин демократијата претставува „влада на народот, од народот и за народот", да се повикаме на познатите зборови на Абрахам Линколн, претседател на Соединетите Американски Држави во периодот 1861-65 година.

За целосно да се исполнат барањата за владата која е „на народот, од народот и за народот", политиката во демократијата треба да исполни неколку услови:

- На политиката ѝ се потребни идеи и вредности кои поставуваат цели и стандарди на политичката организација. Слободата, правдата и солидарноста претставуваат такви принципи кои можат да ја водат политичката организација на едно општество.
- На политиката ѝ се потребни такви општествени организации кои ќе ги запознаваат интересите, ќе ги соединуваат истите и ќе ги комуницираат со политичките и владините институции. Политичките партии, но исто така и бизнисот и работничките здруженија, како и невладините организации од граѓанското општество, претставуваат таков тип на организации кои можат да ги запознаваат и соединуваат општествените интереси.
- На политиката ѝ се потребни институции кои собираат предлози за организацијата на општеството, и кои потоа ги претставуваат, дискутираат, одлучуваат по нив и ги спроведуваат. Парламентите и владите, кои вообичаено се потпираат на политичките партии, претставуваат најважни институции на политиката во една демократска држава.

- На политиката ѝ се потребни активни граѓани кои земаат учество во политичките дискусии со свои идеи, барања и очекувања и кои активно придонесуваат кон функционирањето на политичките институции.

Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) отсекогаш, насекаде низ светот, се има залагано за промоцијата на човековите права, демократијата, нејзините вредности и практики, како и за промовирање на институции на владеење на правото и за принципите на социјалната пазарна економија.

Во моментот Фондацијата Конрад Аденауер има околу 70 канцеларии насекаде низ светот, со 80 службени претставници од Германија и повеќе од 400 локално вработени лица кои помагаат да се изведат мерките на политичко образование и советување.

Сите тие мерки целат кон придонес во развојот и консолидирањето на демократијата. Во нашите програми во речиси секоја земја мерките на советување за соработката со и поддршката на демократските партии го обликуваат фокусот на нашите меѓународни активности, затоа што во услови на демократија повеќето, ако не и сите граѓани, треба да бидат вклучени во политички активности. Меѓутоа, директна демократија во која секој граѓанин е директно вклучен во политичкото одлучување не е можна во модерните масовни општества. Токму затоа на модерната демократија - се потребни добро структуирани политички партии кои ја застапуваат волјата и интересите на граѓаните на што е можно поавтентичен начин и кои нудат простор за политичко ангажирање, а со цел да се влијае на политиката и политичките одлуки.

Без модерни и демократски политички партии не е можно да се постигне модерна претставничка демократија. Само партиите кои осигуруваат дека граѓаните постојано се во можност политички да дејствуваат можат да бидат гласот на голем број сектори од општеството. Наспроти иницијативите на граѓаните, политичките партии не треба да се занимаваат со поединечни прашања или со ограничен опсег на прашања, туку со теми кои се однесуваат на јавниот ред и на организацијата на општеството за да можат успешно да дејствуваат во името на нивните членови и граѓаните. Заради тоа важно е да се погледнат одблиску не само политичката визија и идеите на партиите во едно општество, туку исто така и нивната внатрешна организација, нивниот начин на водење на внатрешните дискусии, дебати и конфликти внатре и помеѓу различните ограноци и групи во партијата, како и регрутирањето кандидати и справувањето со инволвираноста на нивните членови – сите тие се клучни карактеристики на една модерна демократска структура на партија, особено доколку партијата сака да раководи со демократска земја.

Во оваа книга авторите ги претставуваат политичките партии како централни институции на модерната демократија. Главните теми што се обработени се карактеристиките и функциите на партиите, основните елементи на нивната организација, нивниот политички и општествен контекст, како и проблемите на партиската демократија и специфичните предизвици со кои се соочуваат политичките партии. Книгата, исто така, дава и кус осврт на пејзажот на политичките партии во Република Македонија и ги опишува нивните идеологии и политички коалиции.

Иако критиката на политичките партии е едноставна и, во најголемиот дел од времето, многу популарна, политичките партии се незаменливи за постоењето на демократијата, но тие ќе бидат способни да ги исполнат своите функции и должности и да го одржат својот кредибилитет само доколку покажат дека во нивната организација постои јасна заложба за демократски структури и правила, и доколку постојано работат на тоа. Заради тоа, ние се надеваме дека оваа книга ќе биде корисно четиво за членовите на партиите и за граѓаните кои се заинтересирани за развивање на демократски општества.

Фондација Конрад Аденауер,
Република Македонија

1

# ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ПАРТИСКИ СИСТЕМИ

## 1. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ПАРТИСКИ СИСТЕМИ

### 1. 1. Што се подразбира под политичка партија?

**Политичките партии се посебна форма на општествена организација**. Не се исто што и здруженијата, федерациите или социјалните клубови. Најпознатата дефиниција за политичките партии има дадено американскиот политиколог Ентони Даунс, кој напишал: „Политичката партија е тим на луѓе кои сакаат да го контролираат владејачкиот апарат со освојување на јавната функција на прописно спроведени избори".[1] Италијанскиот академик Џовани Сартори, кој веќе долго време предава на Универзитетот Колумбија во Њујорк и е еден од најпознатите истражувачи на политичките партии во интернационални рамки, партијата ја дефинира како: „секоја политичка група идентификувана со официјална ознака која се претставува на избори и е способна да се пласира преку избори, е кандидат за јавна функција".

И покрај разликите кои овие дефиниции ги имаат во разбирањето на политичките партии, сепак, сите ги истакнуваат **учеството на избори** и интересот **да се освои јавната функција и мандатот** како суштински елементи во нивниот карактер. Тие мора да задоволат одредени критериуми кои може да се сумираат како што следува.



## 1. 2. Критериуми за идентификување на политичките партии

- Партијата се бори да повлијае врз формирањето на политичкото мнение и цели кон поседување на општо политичко влијание. Активното влијание врз создавањето на политичко мнение се стреми да е на подолг период како и на поширок регион и не треба да е фокусирано на локално ниво или само на одделно прашање;
- Партијата е здружение на граѓани кои имаат индивидуално членство и ќе има минимум број на членови, со цел сериозноста на нејзините цели и шансите за успех да останат јасни;
- Партијата мора да демонстрира волја за постојано учество за политичко претставување на луѓето за време на избори. Поради тоа, таа се разликува од синдикатите, невладините организации и слични иницијативи кои не сакаат да сносат политичка одговорност за поопемни сектори, туку се обидуваат да имаат селективно влијание, а и не учествуваат на избори;
- Партијата мора да е независна и постојана организација, не може да се формира за едни избори и потоа да престане да постои;
- Партијата мора да е волна да се појавува во јавност;
- Партијата не е неопходно да освои места во парламентот, но мора да ги исполни сите останати критериуми.

Оттука, под **партија се подразбира постојана асоцијација на граѓани која се базира на слободно членство и програма и која силно сака по пат на избори да освои политички одлучувачка позиција во земјата со својот тим на лидери, со цел материјализирање на предлозите за решавање на горливите проблеми**. Самите избори подразбираат натпревар на барем две политички партии.



Партиите не само што се борат да учествуваат во формирање на политичкото мнение, туку и се стремат да учествуваат во претставувањето луѓе во парламентот. Ова подразбира партиско учество на избори. Политичкиот придонес на партијата како и нејзината политичка „тежина" се тесно врзани со изборите. Волјата на гласачите е од исклучителна важност за партиите.

Карактеристично за партиите е нивниот „боречки дух" – нивната подготвеност за политичка акција и политичка конфронтација – и нивната аспирација кон преземање и задржување на владејачката моќ. Овој натпревар меѓу партиите е инструмент за постигнување на политичка моќ и целата организација на партијата е крајно подредена на оваа цел. Само оние партии кои успешно учествуваат во овој натпревар може да добијат места за политичко претставување. Ова е и главната стимулација за учество во партиските активности и ја прави партијата особено интересна кога истата е дел од власта.

Дури и понеатрактивната опозиционерска улога нуди интересни елементи за активно учество. Политичките партии се секогаш центар на дебати и дискусии околу политичките реформи и политичката промена. Оние кои се заинтересирани за политика најверојатно ќе најдат партија која ги рефлектира нивните гледишта, било да е тоа владејачка или опозиционерска партија. Партиите во опозиција може да играат важна функција во еден демократски систем како „куче-чувар" на владината политика и како политичка алтернатива за во иднина. Иако да се биде опозиција може да се смета за ужасно, сепак, истата е суштинска за функционирање на демократијата.

Спротивно на интересните групи, од партијата се очекува да се искаже по сите прашања релевантни за власта. Од партиите се очекува да даваат свое гледање на внатрешната и надворешната политика, економската и социјалната политика, младинската и граѓанската политика итн. За да се задоволат овие барања, секоја партија треба да има програма во која ќе ги задржи своите основни ставови во врска со различни области. Понатаму, од партијата се очекува да има доследна организација.

## 1. 3. Зошто постојат политичките партии?

Во рамките на едно општество има различни мислења, потреби, очекувања и погледи врз секојдневните прашања, но исто така постојат и оние „големи" прашања во врска со општественото уредување, нормите и процедурите. Заедничка волја на народот или предодредено општо добро не постои. Напротив, во секое општество има ривалски интереси кои често силно се судруваат. За мирно посредување при конфликти, формирањето на политички гледишта мора да се случи при отворена дебата на различни мислења. Потребено е минимално заедничко убедување. Ова е здравиот разум во демократијата. Тој се базира на принципот дека секој граѓанин има право да го претстави своето мислење и убедување на еден мирољубив натпревар на умови.

Оваа претпоставка за конфликтни интереси во рамките на едно општество, кои во принцип се легитимни, во демократијата се вика плурализам или „теорија на натпревар". Според оваа теорија, формирањето на политичко мислење во плуралистичко општество се постигнува преку отворен процес на натпревар меѓу хетерогени интереси. Како резултат на различностите во мислењата и општествените конфликти не постои совршено решение за проблемите. Одлуките треба да се донесат врз основа на согласност и одобрување на мнозинството граѓани. Но, како и да е, не може да постои „тиранија на мнозинството" која е спротивна на демократските правила и ги крши неотуѓивите човекови права. Дури и одлуките на мнозинството може да имплицираат недостатоци, па дури и неправда. Оттука, јасна и уставно загарантирана заштита на малцинствата, од една страна, како и признавање на гласањето или поразот на избори на губитниците, од друга страна – под услов изборите да се (во најголем дел) слободни и фер – се суштински елементи за овој концепт на демократија.

Политичките партии, во контекстот на демократско справување со конфликти на интереси, застапуваат одделни интереси. Единствено кога спротивставените интереси отворено ќе се изразат и едните партии ќе им го признаат правото на другите партии да застапуваат одделни интереси исто така, и кога партиите ќе се согласат на принципите на политичката игра, на пример, доколку во принцип се согласат на демократски устав, дури тогаш е можно решавање на конфликтите во општеството и формирање на политички компромиси на соодветен начин.

Се разбира, при самиот процес слободата на партиите мора да е загарантирана. Под ова се подразбира дека создавањето на политичките партии не смее да помине со политички пречки. Како и да е, некои ограничувања може да постојат кога се работи за создавање на партии кои отворено го отфрлаат демократскиот устав на земјата. Сепак, во принцип, граѓаните мора да го поседуваат правото да создадат партија, да припаѓаат на партија и да се изразуваат слободно во неа. Поимот слобода на партиите подразбира дека никој не може да биде принуден да се приклучи на одделна партија или да остане во неа против своја волја, како што беше случајот во некои земји, а и сè уште можеби е така. Самата потврда за разновидност на партиите доаѓа како резултат на признавањето на плуралистичката демократија.

Овој компетитивен концепт на демократија е спротивен на визијата за хомогеност, која, пак, наметнува униформност врз волјата на луѓето. Францускиот политички филозоф Жан Жак Русо (1712-1778) ја создаде визијата која во теорија ја негира легитимноста на конфликтите и се противи на демократијата како идентитет на владата и граѓаните. Овој концепт не ја прифаќа плуралноста на партиите. Тие се сметаат за нелегитимни затоа што неминовно би довеле до изопачување на „заедничката волја" со своето посебно однесување. Оваа теорија не толерира отстапки од наметнатото и задолжително општо добро. Сепак, повеќе од очигледно е дека овој концепт е карактеристичен за тоталитарните држави каде различноста на партиите е забранета и каде „слободната волја" е дефинирана само од страна на мала владејачка елита. Последователно, тоталитарните држави се идентификувани кај

Русо. Треба да се напомене дека дури и Русо не можел да разјасни како може да се открие и да се одлучи што е тоа „здрав разум". Мора да бидеме свесни дека модерните општества се карактеризираат со различност на интереси и погледи на светот. Потребни им се политички партии како централни инстанции за претставување на оваа различност од интереси во рамките на политичкиот систем.

## 1. 4. Функции на политичките партии

За успешно учество во политичкиот процес и за придонес кон консолидација на демократијата, политичките партии треба да покажат одредени способности. Во политичките науки овие способности се нарекуваат „функции ".

**Функции на политичките партии[2]**

- Ги изразуваат и спојуваат општествените интереси: Партиите ги изразуваат јавните очекувања и побарувања на општествените групации пред политичкиот систем (= функција на образување на политичко мнение);
- Регрутираат политички персонал и ги негуваат идните генерации на политичари: Избираат лица и ги претставуваат како кандидати на избори ( = функција на селекција);
- Развиваат политички програми: Партиите интегрираат различни интереси во општ политички проект, кој го трансформираат во политичка програма, за која, пак, водат кампања за да добијат согласност и поддршка од мнозинството ( = функција на интеграција);
- Промовираат политичка социјализација и учество на граѓаните: Партиите создаваат врска помеѓу граѓаните и политичкиот систем; тие овозможуваат политичко учество на индивидуалци или групации со шанси за успех ( = функција на социјализација и учество);
- Огранизација на влада. Учествуваат на избори за да пополнат политички должности. Вообичаено за партиските демократии е добар дел од органите на управа да потекнуваат од политички партии ( = функција на примена на политичка моќ);
- Придонесуваат за легитимност на политичкиот систем: со воспоставувањето на врски помеѓу граѓаните, социјалните групации и политичкиот систем, партиите придонесуваат во зацврстување на политичкиот поредок во свеста на граѓаните и во општествените сили (= функција на легитимност).

Во модерните општества, процесот на градење на политичко мислење е полиморфен процес: масовните медиуми, општествените организации, здруженијата, граѓанските иницијативи, религиозните заедници и модерните форми на електронска комуникација преку интернет, Фејсбук, Твитер и други виртуелни заедници вршат огромно влијание на политичкото мислење и политичките одлуки. Како и да е, политичките партии сè уште се главни застапници на збирот од јавни мислења и негово претставување во процесот на донесување на политички одлуки и конечно тие се оние кои ги пренесуваат политичките одлуки преку нивните претставници во парламентот и владата. Преку следење на работата на партиите, восприемање и оценување на аргументите во текот на политичката дебата, граѓаните може политички да се ориентираат преку партиите. Понатаму, преку вклучување во партија, секој граѓанин може да повлијае до извесна мера на процесот на донесување на политичка одлука.

Освен кандидатите, политичката програма е „стоковата роба" на партијата, т.е. она што им го нуди на гласачите. Партиската програма посебно исполнува две главни функции: од една страна, таа ги изразува интересите на населението (партијата како „орган " на народот), а, од друга страна, го ориентира и влијае на мислењето на граѓаните (партиите како „оформувач" на јавната волја; погледнете ја точка 4.2.). Во однос на партиската програма, гласачите може да оценат

дали партијата има доволен сензибилитет за општествените проблеми и дали е способна да понуди адекватни предлози за решавање на проблемите и предизвиците.

Функцијата на партиите од опозицијата е да ја критикуваат власта, да ја контролираат и да понудат конструктивни алтернативи. Оваа функција е од огромна важност за демократијата, затоа што без опозиција владата запаѓа во самобендисаност и претенциозност и не бара алтернативи.

Со исполнување на овие функции, политичките партии нудат важни услуги на демократски организираното општество. Квалитетот на „испораката", т.е. начинот на кој се усогласени со своите функции одлучува за репутацијата и потенцијалот на политичките партии.

## 1. 5. Политички партиски системи

Севкупната група партии во земјата го формира политичкиот партиски систем. Партискиот систем ја рефлектира шемата на односи помеѓу индивидуалните партии и нивната поврзаност.

Составот на партискиот систем е резултат главно на два фактора. Од една страна, тоа е структурата на општествените конфликти и интереси. Пример за класични конфликти се оние помеѓу капиталот и трудот или оние помеѓу секуларните и религиозно ориентирани партии. Од друга страна, партијата и изборните закони имаат значително влијание врз составот на политичкиот систем зависно од тоа колку либерално и слободно или рестриктивно е поставено создавањето на нови партии и дали изборниот систем олеснува претставување на поголем број на партии во парламентот или не. Сепак, во пред демократските времиња постоењето на една партија провоцираше појава на барем уште една партија. Низ историјата, партиските системи во принцип се развиваа со општествените и/или идеолошки линии на конфликт.



Партиските системи може да се групираат по различни критериуми. Најчест критериум за опис на партискиот систем е бројот на партиите кои се борат за моќ. Според овој начин, може да се разликуваат еден, два или повеќепартиски системи. Во „еднопартискиот" систем доминира само една партија и практично нема политички натпревар помеѓу партиите. „Еднопартискиот систем", како што беше напоменато и претходно, е контрадикторен на себе бидејќи под „партија" се подразбира нешто што треба да е дел од поголема група. Поради тоа, еднопартиските системи се одликуваат со потиснување на политичкиот натпревар и демократската слобода. „Двопартискиот систем" означува примарно доминирање на две партии во политичкиот натпревар, додека другите помали партии имаат само подредена улога. Во повеќепартискиот систем, повеќе од две партии имаат влијание врз политичкиот натпревар.[3]

Постоењето на двопартиски или повеќепартиски систем зависи од неколку различни фактори: политичките традиции, развојот на политичките институции, социо-економските услови и значењето на подвоеноста на регионите, како и од етничките услови или вероисповед. Одредбите од законот за избори може да имаат одредено, но не и одлучно влијание врз составот на партискиот систем. Поголемиот дел на гласачки системи (први-минати-постсистеми) го претпочитаат развојот на двопартиски систем (или систем кој се состои од само неколку доминантни партии), додека на пропорционалниот гласачки систем е поверојатно да му одговара повеќепартискиот систем. Сепак, јасна врска помеѓу изборните и партиските системи не постои.

Системот на управување влијае на развојот на партиите и партиските системи во таа мера што парламентарниот систем нуди поголемо влијание на политичките партии, бидејќи самата влада директно произлегува од парламентот, над кој, пак, доминираат партиите. Во претседателскиот систем, владиниот челник – претседателот – е директно избран од народот и поради тоа неговата легитимност во прва мера не зависи од парламентот. Понатаму, претседателот,

покрај парламентот, врши најмногу законодавни и други функции и најчесто има право на вето на парламентарните одлуки, па дури има и овластување да го распушти парламентот. Така, на прв поглед, во претседателскиот систем партиите играат второстепена улога. Од друга страна, во претседателскиот систем обично подвоеноста на моќта е поочигледна, затоа што партиите не се толку тесно поврзани со владата. Меѓутоа, во парламентарните системи идентитетот и особено врската помеѓу владата и владејачката партија или партии е поголема. Но, и покрај тоа, и во претседателскиот систем претседателот мора да добие одобрение од парламентот и парламентарното мнозинство. Релативната независност од владата која ја имаат партиите од претседателскиот систем е од значителна важност. Бројот на партии претставени во парламентот многу малку зависи од системот на управување. Тој повеќе зависи од социјалната поделеност, па и од етнички или друг вид на поделеност во земјата, од структурата на конфликтите и интересите и од изборниот систем.

## 1. 6. Типологии на политички партии

Како партискиот систем, така и политичките партии се разликуваат една од друга по одделни критериуми. Таквите типологии имаат за цел сортирање на хетерогеноста на општествените феномени за истите да бидат подобро разбрани. За идентификација на партиите се земат предвид нивните карактеристични особености за да се забележат сличностите и разликите помеѓу индивидуалните партии.

Партиите може да се поделат според различни критериуми: според нивото на организација, социо-политичките цели, социјалните класи кои сакаат да ги претставуваат и да им се приклонат или нивната позиционираност кон политичкиот систем. Некои партии може, исто така, да се поделат и според името кое често ги искажува и специфичните социо-политички цели со кои таа партија се идентификува. Со името, партиите покажуваат како сакаат да се гледа на нив, па оттука и како



да бидат класифицирани. Со тоа се потврдува дека класификацијата или создавањето типологии не е само академска вежба, туку и дел од политичкиот натпревар меѓу партиите.

Почетно, при создавањето типологии земени предвид се повеќепартиските системи на Европа, но истите може да се применат и во други региони. Неколкуте типологии се претставени подолу.

### 1. 6. 1. Разграничување на партиите според степенот на нивната организација

**Партии на електоратот**: таквите партии придаваат помалку важност на бројноста на членството, но се посебно активни во рамки на изборите. Приврзаноста на гласачите кон ваквата партија е обично слаба.

**Партии на членство**: таквите партии бараат големо членство, по можност низ целата земја. По обичај, се работи за народни партии и работнички партии кои се стремат кон добро организиран партиски апарат и големо членство („масовна политичка партија“). Со ова барем се олеснува финансирањето на партијата преку членарина.

### 1. 6. 2. Разграничување по социо-политички цели

Според критериумот на социо-политичките цели кон кои се стремат политичките партии, може да се разликуваат партии кои бараат социјални или политички промени во рамките на постоечкиот демократски поредок и партии кои се борат за промени со радикални, екстремистички или револуционерни средства. Првата група се состои од конзервативни, либерални, демохристијански, социјалдемократски, делумно социјалистички, но и партии кои се дефинираат според својата религија или вероисповед, сè додека истите не заземаат

екстремистички позиции. На втората група ѝ припаѓаат главно екстремно десничарски или левичарски партии, меѓу кои, покрај другите, се и комунистичките партии.

**Конзервативни партии**: таквите партии сакаат да го задржат правото на „одобрениот" ред или истиот да го повратат; скептични се кон иновации и промени, на пример, во поглед на перцепцијата и улогата на семејството и алтернативните модели на живеење (на пример, истополни бракови). Не им се допаѓа ни преминот од национален суверенитет во супранационални институции, но признаваат дека традиционалните идеи, вредности и принципи не може непрекинато да се одржат без модерни реформи.

**Либерални партии**: таквите партии се залагаат за правото на индивидуална слобода и го нагласуваат демократскиот карактер на уставот. По обичај, тие се антиклерикални и најпосветени на слободна пазарна економија.

**Социјалдемократски партии**: таквите партии најчесто произлегуваат во тесна врска со работничкото движење и нивните политички концепти се базираат на социјална еднаквост на луѓето, на државата и придаваат силна регулаторна улога во економијата и општеството.

**Социјалистички партии**: таквите партии најчесто произлегуваат од блиските контакти со делови од работничкото движење, но застапуваат порадикален пристап кон постигнување на социјална еднаквост; најважни цели на овие партии се укинување на приватната сопственост врз производствените средства и економија водена од државата.

**Партии дефинирани според религијата** се посебни форми на партии кои се одликуваат со свои социјално-политички цели. Во светот, голем број на партии се помалку или повеќе базирани на религиозни убедувања. Тука се христијанските или христијанско-демократските, исламски и хинду партии кои ја воспоставуваат својата програма според вредностите и стандардите на сопствената религија или вероисповед. Ова може да доведе до значителни разлики во политичките програми и политички цели на таквите партии, што зависи од тоа како индивидуалните партии ги земаат предвид сопствените религиски ставови во поглед на индивидуалните човекови права и слободи или на политичката демократија. Европските христијанско-демократски партии, на пример, се посветени на индивидуалната слобода, социјалната солидарност и правда, самоодговорноста на граѓаните и дискретната улога на државата која е дадена на управување на економски и социјални актери.

**Екстремистички десничарски партии**: таквите партии проповедаат националистички идеологии, кои потоа одвнатре се мешаат со матни етнички идеологии, а веројатно и расистички перцепции.

**Комунистички партии**: таквите партии пропагираат диктаторство на пролетеријатот и присвојуваат една предетерминираност на историјата.



## 1. 6. 3. Разграничување според социјалните класи на кои имаат намера да им пристапат

**Популарни партии**: таквите партии се обидуваат да ги земат предвид интересите и потребите на колку што е можно повеќе социјални групи и поради тоа се обидуваат да интегрираат колку што е можно повеќе граѓани од различно социјално потекло во рамките на партискиот ранг и досие и да соединат повеќе социјални и политички аспирации во својата програма.

**Партии од посебен интерес**: таквите партии се чувствуваат одговорни за интересите на строго определена група (социјална, иста вероисповед или регионална група) и не тврдат дека се еднакво одговорни за севкупното население.

## 1. 6. 4. Разликување според поставеноста во однос на политичкиот систем

**Партии кои се приклонуваат кон системот**: таквите партии го прифаќаат политичкиот систем во кој се активни и посакуваат или да го стабилизираат политичкиот поредок или постепено да го подобрат со реформи.

**Партии кои се противат на политичкиот систем**: таквите партии не ги прифаќаат основните принципи на политичкиот систем и бараат промена на системот, најмногу преку агресивни програмски предлози.

Политичките партии во целост ретко одговараат на една од овие класификации. Постојат флуентни транзиции и мешани форми. Партијата на членство или масовната партија, на пример, може да е и „партија од интерес" ако ги претставува интересите само на посебен социјален сектор или класа (работничката класа, на пример). Понатаму, можни се, исто така, и други критериуми: на пример, владина и опозиционерска партија, регионална партија, протестна партија итн. Како и да е, класификацијата овозможува идентификација на типичните атрибути на партијата кои се релевантен елемент во процесот на политички натпревар.

## 1. 7. Партии и идеологии

Идеологиите и специфичните погледи на свест се од посебна важност за политичките партии. Идеологиите се сеопфатни визии за општествата и општествените текови; содржат објаснувања, вредности и цели за минати, сегашни и идни текови. Идеологиите инспирираат и оправдуваат политичка и социјална акција. Тие се суштински елемент во политичката ориентација. Поимот „идеологија" се користел и сè уште се користи главно од левичарите, комунистите и социјалистичките партии за да ги окарактеризираат своите погледи на свет и политички позиции. Сепак, некои други струења на политичка мисла може, исто така, да бидат именувани како „идеологии", како на пример, либерализмот, конзерватизмот, национализмот и фашизмот.

Понекогаш се јавуваат коментари за наводна „деидеологизација" на политиката. Ова се однесува на фактот што денес многу партии помалку ги нагласуваат своите идеолошки корени на сметка на прагматичниот пристап кон социјалните и политички предизвици. Меѓутоа, горенаведените концепти разјаснуваат дека идеологиите сè уште се од значителна важност за идентификување на погледите на свет и политичките позиции. Никогаш не сме стасале до „крајот на идеологиите", како што беше изјавено од американскиот политиколог Френсис Фукујама на крајот од Студената војна. Тој претполагаше дека конечно либералната демократија ќе стапи во сила наспроти сите останати форми на владеење и оттука сите идеолошки дебати би запреле.[4]

Оние кои се или кои ќе станат активни во политиката, треба да ги познаваат различните идеолошки ставови. Ова е важно не само заради дефинирање на сопствената политичка позиција, туку и за процена на другите политички позиции и на крајот извојување победа над нив.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ИДЕОЛОГИИТЕ**

**Идеологии фокусирани на поединецот**
Либерализам, неолиберализам, конзерватизам, христијанска демократија

**Егалитарни идеологии**
Социјализам, комунизам, марксизам, ленинизам, сталинизам, маозиам, троцкизам, евро-комунизам, неомарксизам, анархизам

**Идеолгии фокусирани на колективот**
Социјализам, демократски социјализам, социјална демократија, комунизам, марксизам, национален социјализам

**Идеологии фокусирани на етничка припадност или националност**
Национализам, зионизам, регионализам, панарабизам, панславизам, фашизам, неофашизам, клерички фашизам, национал-социјализам, расизам, империјализам, колонијализам, социјал-дарвинизам

**Идеологии фокусирани на традицијата**
Конзерватизам, христијанска демократија, неоконзерватизам

**Идеологии базирани на религија**
Христијански социјализам, христијанска демократија, клерички фашизам, исламизам, неохиндуизам, зионизам

**Тоталитарни идеологии**
Национален социјализам, комунизам, исламизам, марксизам-ленинизам, сталинизам, маоизам, пол-потизам

**Други идеологии**
Политика на зелените, екологизам, интернационализам, космополити, пацифизам, републиканизам, хуманизам, феминизам

2

# СОВРЕМЕН МЕНАЏМЕНТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

## 2. СОВРЕМЕН МЕНАЏМЕНТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

### 2. 1. Организација и членство

**Со цел да се биде успешен во политичкиот натпревар и да се постигне резултат во формирање на политичкото мнение, на една партија ѝ е потребна постојана организација.** Во однос на институционалната поставеност на партијата постојат различни основни шеми. На индивидуално ниво, што би значело директно членство на поединци, многу партии се организирани во децентрализирана форма, т.е. на база на локални здруженија, според населби или области или барем на општинско ниво. Повисоките нивоа на партиска организација најчесто ја следат структурата на државата.

#### 2. 1. 1. Нивоа на партиска организација

- Основа или општински комитети (според населба или општина);
- Окружно здружение или здружение на изборни единици;
- Регионално здружение (според федералната држава, регион или министерство);
- Национално здружение

Слика 1: Нивоа на организација на политичка партија

| Органи на партијата | Членови и собрание на делегати (партиска конвенција) | Одбор на директори | Партиски суд |
|---|---|---|---|
| Национално здружение | Национална партиска конвенција | Национално тело Извршно тело | Национален партиски суд |
| Регионално здружение | Регионална партиска конвенција | Регионален совет | Регионален партиски суд |
| Окружно/ реонско здружение или изборна единица | Собрание на окружни делегати | Окружен совет | Окружен партиски суд |
| Локален комитет/ здружение | Собрание на членови | Локален совет | |

Локалните партиски организации се од посебна важност за стабилна и активна партија. Тука, членовите може да се директно политички активни. На ова ниво, тие имаат најдлабок контакт со партијата и политиката воопшто. Локалните партиски организации треба да водат редовни состаноци на членството и да даваат поддршка, промоција и интеграција на (новите) членови. Истите треба да се поканувaат на партиски и окружни состаноци и социјални настани, како и на дискусии за локални политички прашања и локални иницијативи, на пример, обнова на станови, изградба или планирање на патишта, училишта, бизнис договори итн.

Локалните или регионални партиски организации треба да имаат сопствена политичка конвенција, да номинираат кандидати за локални или регионални избори, да ги координираат активностите на партијата на локално или регионално ниво и да одржуваат контакт со



непартиски организации во локален контекст (со религиозни заедници, граѓански или професионални асоцијации итн). Тие, исто така, треба да ги развијат своите локални политички позиции (во согласност со главната програма на целата партија) и локалните владини програми. Конечно, членовите на локално ниво треба, исто така, да водат кампања за локални, регионални или национални избори.

Локалните организациони структури на партиите придонесуваат кон автентична (партиска) политика, која е блиска до граѓаните. Без нив, членовите и симпатизерите на партијата би ги гледале лидерите и другите претставници од врвот на партијата само оддалеку. Локалните организациони структури се „основата на партиската демократија". Врвни политичари од високите партиски кругови, парламентот, па дури и владата треба редовно да учествуваат на состаноци со локалните партиски организации.

Структурата на партијата на окружно или реонско ниво вообичаено треба да кореспондира со повисоките партиски нивоа. Понатаму, на окружно или реонско ниво, обично има избрано извршен совет, кој се состои од претседавач, еден или двајца заменици и благајник (види слика 2 и слика 3). Следните виши новоа на партиска организација (регионално или национално) обично имаат секретар или генерален секретар, избран на соодветната партиска конвенција. Додека партиските лидери, понекогаш како резултат на бројни други активности како членови на парламентот, министри, премиери или претседатели играат повеќе улога на „уважен дел" на партијата, генералниот секретар е „ефикасниот дел" на партијата. Генералниот секретар го води партискиот главен штаб и секојдневната партиска работа, одговорен е за надворешната и внатрешната комуникација на партијата, и исто така е одговорен за промоција на програмски дискусии и организација на изборни кампањи.

Демократските партиски закони налагаат за местата во одборот на сите партиски нивоа да се одлучи преку редовни внатрешни партиски избори кои се одржуваат за време на партиски конвенции или конгреси. Ова се однесува на локални, окружни или реонски,

како и на национални партиски конвенции. Доколку е можно, на локално организациско ниво, во изборот на локални лидери треба да учествуваат сите партиски членови. На другите партиски нивоа, може да постои систем за избор на претставници. Партиските конвенции се формално гледано врховни одлучувачки тела на секое ниво на партиската организација. Членовите на одборот избираат меѓу себе Извршен одбор, Биро, кое е – на регионално или провинцијално и национално ниво – главен центар на моќ на партиската организација. Слично, кандидатите за политичко назначување и јавни функции (на пример, кандидати за место во парламентот, градоначалници, гувернери, премиери на региони или федерални држави, премиери или претседатели на држава) треба, исто така, да добијат легитимност преку внатрешни партиски избори.



Партиите треба да се водат професионално и да бидат опремени со модерна техника за комуникација, партискиот штаб е врвот на партиската организација. Базата на партискиот претседател и партискот совет е партискиот штаб. Тука треба да има некои „технички" оддели кои се концентрираат на одделни прашања за да се подготват партиските позиции на актуелни теми од политичката дебата и да им се дадат информации и аргументи на партиските членови и претставници. Понатаму, партискиот штаб треба да се грижи за комуникацијата и јавното претставување на партијата. На крај, по ред, но не и по важност, штабот мора да ги организира и да ги оствари изборните кампањи.

Слика 2: Организациска мапа на партискиот штаб[5]




Комуникацијата и координацијата на партискиот штаб со пратеничката група и парламентарците се од посебно значење. Во очите на пошироката јавност, тие се најважните претставници на партијата и имаат одлучувачко влијание врз јавниот имиџ. Во повеќето земји, регионалните партиски ограноци имаат, исто така, важна улога. Оттука, постојаната и флуентна комуникација и координација со регионалните групации е од подеднаква важност за партијата.

**Шема на структурата и органите на партиите**

Не постои единствена основна шема на организација на политичките партии. Во некои земји постојат партиски закони кои ги дефинираат некои од основните услови кои партиите мора да ги задоволат. Ова особено најмногу се однесува на почитување на внатрепартиските демократски процедури при избор на партиски водачи и некои општи организациски елементи. Во поглед на составот на партијата и нејзините компетенции, постои широк спектар на организациски решенија.

Хиерархиската организација на една политичка партија често кореспондира со административната поделба на земјата, т.е. партиите имаат локални организации, општински или окружни организации, провинциски или регионални организации и конечно национални организации. Понатаму, бројни партии имаат функционални поделби кои се слични со поделбата на трите моќи на државата: внатрепартиски трибунал за решавање на конфликти (правосуден), кој може да казнува па дури и да исклучува партиски членови чие дејствување може да наштети на јавниот имиџ на партијата; генерално собрание или партиски конвенции (легислатива) и партиски раководител (извршна власт). Некои партии, покрај ова, имаат и проширено тело на претставници од подредените партиски организации. Структурата на партиите е претставена во дијаграмот погоре. На слика 1 имате пример на комплексна географска и функционална поделба на една политичка партија (не вклучувајќи ги внатрепартиските здруженија и посебните партиски групации). Исто така, ја покажува и патеката на легитимност во партијата што кореспондира со принципите на демократска легитимизација на лидерите од најдолните до врвните позиции во партиската хиерархија.



Освен своите главни комитети, многу партии имаат и други комитети, комисии, технички комитети и работни групи за одделни задачи; на пример, за дискусија на програмски прашања (економска политика, внатрешна политика, надворешна политика итн.), како и учество на одделни групи (младинци, жени, синдикати, локални политичари, граѓани од средна класа, претприемачи, стари лица итн.). Овие комитети играат важна улога за внатрешниот живот на партиите и нивниот надворешен имиџ. Од една страна, тие го надополнуваат или го коригираат регионалниот принцип на членство и интегрираат членови според нивните специфични интереси, професионални квалификации или нивниот социјален статус. Во партијата, овие комитети играат улога во развојот на техничките капацитети и формирање на политичко мнение. Од друга страна, комитетите даваат решавачи придонес за контакти со различни социјални групи на кои, пак, контактите им се начин на кој се демонстрира дека нивните интереси се земени предвид и истите се застапувани од страна на партиите.

Во неколку земји, партиите промовираат создавање на други организации во нивното опкружување, кои спроведуваат политичко-едукативни активности за партиските членови и заинтересираните граѓани и го поддржуваат развојот на програмите и партиските концепти преку истражување и консултирање. Најпознатите институции од овој тип се политичките фондации во Германија.

## 2. 2. Членови на политичка партија

Членовите се основниот дел на која било партија и најважната алка во општеството. Модерните и успешни партии сакаат голем број на членови кои, пред сè, би потекнувале од поширок дел од социјалните групи. Силата на членот директно влијане на формирање на мнението внатре во партијата. Денес, директното членство на лица е најчест начин на членување во партија.

Сепак, имало и има партии со други правила на членство. Основните единици на комунистичките партии, на пример, често беа организирани преку корпоративни единици и според занимањето на своите членови во претпријатијата и органите. Британската Лабуристичка партија е најпознат пример на парцијално индиректно членство. До 90-тите години на минатиот век, Лабуристичката партија имаше околу 350.000 директни партиски членови и приближно 4 милиони други „индиректни" членови, од кои некои беа познати како „приврзаници на синдикатите" и други организации. Овие членови плаќаа придонеси за Лабуристичката партија и контролираа 50% од гласовите на партиските конвенции.

Членовите на партијата имаат поголемо политичко влијание од граѓаните кои не припаѓаат на ниедна партија. Тие може да учествуваат во формирање на мислење во партијата, која, пак, можеби е или ќе биде владејачка партија. Предуслов за оваа форма на учество е партиите да понудат доволно можност за внатрепартиски дискусии и формирање на мнение.

Дури и ако внатрепартиската демократија и формирањето на мнение функционира совршено, не сите партиски членови ќе бидат волни да земат активно учество во сите важни одлуки на партијата. Понатаму, на локално ниво, активното учество и придонесот кон партиската работа најмногу се спроведува преку помала група на членови. Ова се претежно „носители на функции" кои заземаат политички позиции при изборни мандати, имаат најдетални информации, како и моќ за политичко (ко)одлучување поради тој мандат. Како и да е, постојат различни опции за активно учество на „нормалните" партиски членови, а кое не се сведува само на лепење плакати за време на изборни кампањи. Партиските членови може да се информираат подобро за политичките прашања и позиции и обично имаат полесен пристап до партиските претставници и политичките функционери. Тие имаат можност да земат учество во внатрешни партиски дискусии и може да организираат политички форуми. На крај по ред но не и по важност, тие ги избираат партиските кандидати за избори (за жал, ова не важи за сите партии, но во демократски организираните партии, партиските членови би требало навистина да учествуваат во изборот на кандидати!) и очигледно, секој партиски член треба да има шанса да се натпреварува за изборен мандат.

Локалната политика веќе беше спомената како област каде партиските членови најчесто и најдиректно активно придонесуваат за партиската организација. Згора на тоа, локалните политики се важна „средина за учење" за политиката, каде партиските членови се подготвуваат за повисоки позиции.

Парламентарците и членовите на владата се обично истакнати членови на партијата. Ова важи на национално и локално ниво. Овие политичари обично поседуваат директно, а во многу партии и доминантно влијание. Разликите во мислењата помеѓу мандатарите и партиското лидерство како такви се чести на сите нивоа во партијата. Во случај на конфликт, делегати и владини службеници може привремено да се повлечат од партиските директиви поради одредбите во уставот (на пример, „независен мандат"). Меѓутоа, во политичката пракса овој конфликт се решава преку лична унија на партијата и мандатот. Водечките парламентарци и претставници на владата (дали министри на централната влада или градоначалници и директори на локални органи) вообичаено е да се присутни и во извршното тело и другите водечки комитети на партијата.

## 2. 3. Регрутирање на нови членови

Партиите со големо членство имаат поголеми шанси за успешно учество во политичкиот натпревар, победа на избори и влијание врз формирање на политичкото мнение. Но, како може партиите да придобијат нови членови?

Многу луѓе се интересираат за политика, бидејќи знаат дека политиката го определува нивниот начин на живеење и поради тоа тие би сакале

да придонесат и да земат учество на подиректен начин. Многу од тие луѓе чекаат партиите да им пријдат.

**Личниот контакт** е најдобриот начин да се пристапи на политички заинтересираните луѓе и истите да се убедат да се приклучат на партијата. Внимателно подготвена домашна посета која е проследена со учтивост и дискреција може да ја олесни одлуката за приклучување во партија. Така, „промоторот" ќе треба да земе и да претстави некаква партиска документација: публикации од партијата (на пример, основната и најнеодамнешната програма од избори), воведно писмо од партискиот лидер, формулар за членство и некаков рекламен или друг материјал од партијата.

Друг начин на привлекување на членови е преку **организирање на јавни настани, презентации или јавни дебати, прослави** за посебни пригоди и културни активности каде може да се поканат луѓе за кои се смета дека се блиски на политичката позиција на партијата.

**Јавните расправи на теми од локалната политика** обично привлекуваат големо внимание и ѝ даваат на партијата можност да ги претстави своите политички позиции и да придобие нови следбеници и членови.

**Форми на интеграција на нечленови во партијата**

- Давање на редовни и јасни информации на заинтересираните нечленови во врска со позициите и активностите на партијата (услов: партијата мора да знае за лицата кои се заинтересирани за овие активности);
- Учество на „слободни членови" во работни групи, проектни групи или комисии за гласачки права, како и за право на петиција и право да се зборува за вакви работни групи на партиски конвенции;
- Анкетирање на членството на одделни теми и одлуки за политичките правци;



- Примарен избор на партиски лидери и кандидати; така сите членови ќе бидат дел од одлуките на овие избраници преку изборите;
- Кандидирање на нечленови на партиските листи, што се чини најостварливо на локално ниво.

Политичките партии треба да се воздржат од трошење на скапи рекламни кампањи за да придобијат нови членови или плаќање за „промотори". Искуствата покажуваат дека односот помеѓу трошоците и користа од нив има неповолен сооднос кога партијата се обидува да привлече нови членови преку рекламирање. Кога се плаќа на промотори често се доаѓа до ставот каде и новите членови и промоторите се позаинтересирани за финансискиот аспект отколку за атрактивноста на политиката и програмата на партијата. Само тие партии кои чесно се обидуваат да се справат со одделни проблеми, им даваат на потенцијалните членови реална перспектива за учество и нудат јасна перспектива чие добивање на политичка моќ ќе биде најпривлечно.

Партиите треба да обрнат посебно внимание на базата на податоци на своите членови и доколку е можно треба да имаат база на податоци на заинтересираните граѓани кои не се членови на партијата. Правилното работење и ажурирање на базата на податоци е од најголемо значење зашто може да се користи во различни цели (за дистрибуција на политички информации, собирање на средства и поддршка на изборните кампањи). Освен поштенска адреса, телефонски број, електронска пошта, Фејсбук и другите заедници, Твитер адреси и професија на секој член, треба да бидат вклучени и дополнителни информации за посебните интереси на секој член, негови или нејзини искуства на различни полиња и неговото или нејзино членство во други организации или асоцијации. Ова ѝ овозможува на партијата посебно да ги информира членовите за одделни теми и да ги мобилизира за политички активности во нивните соодветни полиња на интерес.

## 2. 4. Едукација и обука на партиските членови

Во модерните масовни демократии, политичките партии, нивните лидери и членови мора постојано да се справуваат со нови проблеми и прашања и да заземаат позиции во однос на секојдневните тековни настани и социјални промени. Поради тоа е неопходно партиите да преземат претпазливи чекори со цел подготовка на своите претставници и членови за нови предизвици и да преземат одговорност во и надвор од партијата. Ова е задача на политичката едукација.

Политичката едукација во партијата е посебно успешна кога е насочена кон помладите партиски членови. Мерките за обука треба да опфатат три области.

**Теми на политичката обука**

- Основни вредности и принципи на партијата;
- Разбирање на политичките прашања (локални, економски, социјално- политички итн.);
- Подготовка за политичката работа во самата партија и заземање на политички функции во парламентот (политичка реторика, подготовка на функции, справување со медиумите, промовирање на членството, спроведување на изборни кампањи, собирање на средства).

Многу партии имаат претставници за внатрепартиска обука кои се одговорни за развој на кохерентна и постојана програма за политички едукативни мерки и мониторинг на нејзината имплементација. Учеството на еминентни партиски лидери при такви едукативни мерки придонесува кон будење на интересот на членовите (и веројатно на медиумите во случаи кога таквата активност е отворена за јавноста). Овој вид на активности дава важен импулс за посветеност во и на партијата. Поради ова, партиските лидери треба да инвестираат време и напор за свое учество во ваквите мерки.



Општо земено, едукативната работа во партијата може да се ориентира по следнава шема:

- Организација на кохерентна и постојана програма за обука;
- Подготовка на тим за обука;
- Дефинирање на целите на обуката;
- Развој и состав на соодветен материјал за различни мерки за обука;
- Селекција на учесници;
- Планирање на мерки и воспоставување на трошоци и дијаграми;
- Назначување на предавачи и олеснувачи.

Во различни земји партиите имаат основано посебни установи за политичка едукација.

**Институции за политичка обука и едукација блиски до политичките партии**

Во многу земји, политичките партии имаат создадени посебни институти за политичка едукација на своите членови кои редовно нудат обука за партиските членови (вклучително курсеви, семинари, посебни работилници за обука, анализа и публикации). Таквите институции се, на пример, Фондацијата Конрад Аденауер во Германија (www.kas.de), Форумот за граѓански развој (ФОР) во Полска (www.for.org.pl/pl), Националниот демократски институт (НДИ) и Републиканскиот институт (ИРИ) во САД (www.ndi.org, www.iri.org), Фондацијата Рафаел Пресиадо Хернандезас (ФРПХ) во Мексико (www.fundacionpreciado.org.mx), Центарот за демократија и заедништво (ЦДЦ) во Чиле (www.scs.cl) и Институтот Јоуидо (УДИ) од Република Кореја (www.ydi.or.kr).

## 2. 5. Програми на политичките партии

Партиските програми исполнуваат разновидни функции. Основната партиска програма се состои од идентитет на партијата и им нуди на граѓаните и гласачите општа ориентација за водечките принципи и идеи на партијата. Со својата програма, партијата го оправдува своето постоење и објаснува на кој начин се разликува од другите. Партиската програма ја илустрира политичката амбиција и основните вредности, барања и сугестии од партијата.

Партиската програма се разликува од другите партиски документи, како што е изборната програма која има посебни сугестии и барања во врска со одредени избори и поради тоа мора да се редизајнира постојано. Партиската програма има долготраен карактер. Не се однесува на теми од актуелната политичка дебата. За тоа служат изборната или посебната акциска програма која е запишана со краткорочна перспектива за изборни или други цели во врска со актуелната политичка дебата.

Секоја политичка партија треба да посвети посебно внимание на изработка на својата основна програма. Треба да покани најголем број на приврзаници за да учествуваат во нејзиното изготвување или барем одобрување. Колку повеќе членови ќе бидат интегрирани во процесот на изработка на партиската програма, толку подобро ќе ја знаат и ќе ги бранат основните партиски линии во јавните дискусии.

За да се елаборира или да се актуелизира партиската програма, многу партии се решаваат да формираат специјална комисија која одлучува за темите кои ќе се споменат во програма и го изготвува првиот нацрт кој може да биде презентиран на друга партија или експертски комитет. Понапредната нацрт-програма може да се дискутира со сите партиски членови. Ако новата програма е конечно дискутирана и одобрена од националната партиска конвенција, партијата ќе постигне висок степен на јавна свест.



Освен оваа генерална програма, некои партии имаат **посебна програма** или **документ со изложени позиции** каде се дефинирани политичките гледишта во врска со одделни политики, вклучително, на пример, економската политика, енергетската политика, политиката за жените, младите или семејствата, руралната политика и културната политика. Посебна доза на привлечност на таквите програми или документи со изложени позиции лежи во тоа што може да се развијат со учество на претставници од оние сектори кои и се разгледуваат. Ова придонесува кон посилна врска помеѓу партијата и тие сектори.

**Изборната програма** е дизајнирана во однос на конкретни избори и може да содржи предлог-барања во однос на идните активности што партијата може да ги развие доколку формира или се придружи на владата. Изборната програма мора да биде напишана пред секои избори. Вообичаено тие се пишуваат во блиска соработка со водечките кандидати на партијата, кои потоа се одговорни за изнесување на тие политички гледишта пред јавноста.

Во многу земји, многу партии не се трудат околу развојот на партиската програма и ѝ обрнуваат малку внимание, затоа што во најголема мера, наместо преку својата програма, тие се идентификуваат преку своите претставници. И покрај тоа, не треба да се потцени улогата на сеопфатната програма за профилот и идентификацијата на самите членови со партијата. Партиската програма им ги открива на партиските членови и претставници, како и на граѓаните и гласачите, основните ставови на партијата и докажува дали партијата навистина може да ги пренесе социјалните грижи во политички сугестии и програми. Поради тоа, секоја партија треба да придаде огромна важност на изготвување на кохерентна програма. Понатаму, дискусијата за програмата на партијата треба да се води во подолга временска рамка, со цел ажурирање на партиската програма и со тоа создавање можност да се води внатрешна програмска дебата и со други социјални групации.

## 2. 6. Внатрешна и надворешна комуникација

„Добрата" комуникација е од суштинско значење за секоја политичка партија. Ова подразбира комуникација со гласачите и општеството како целина, како и внатрешна комуникација со сопственото членство во партијата. Само оние партии кои имаат ефикасен систем за внатрешна комуникација се способни за ефикасна екстерна комуникација.

Комуникацијата на политичките намери и потрагата по јавна согласност отсекогаш биле дел од главните услови за политичко лидерство во демократијата. Од почетоците на модерната партиска демократија, условите и манифестациите на комуникација, сепак, значително се променија. Денес постојат прилично нови потреби во поглед на комуникацијата и политичкото лидерство. Ова се однесува не само на различните аспекти на таканаречениот „менаџмент со медиуми", туку и на различни активности, како што е гаранција за „медиумска способност" од страна на главните носители на одлуки, стратешко лансирање на информации до медиумите или адаптирање на партискиот апарат на преинтензивниот временски притисок низ комерцијалните мас-медиуми. Исто толку важни се и изменетите очекувања на демократските општества кои се посветени на легитимност. Денес легитимноста на политичката моќ е многу поповрзана со комуникативните вештини отколку што беше случајот пред неколку децении. Лидерската реторика во овој контекст е од посебна важност.

### 2. 6. 1. Комуникација со општеството

Професионалната комуникација помеѓу политичките носители на одлуки и јавноста постепено прерасна во фактор на моќ. Оттука, политичката моќ се дефинира како производ од капацитетот да се влијае на јавното мислење и способноста да се обезбеди сопствената позиција на моќ преку паметни и стратешки поволни одлуки.[6]



Опсегот и ефикасноста на пораките пренесени преку медиумите значително се зголемија. Политичарите се раководат според климата на политичкото мнение; политичките големци комуницираат директно со јавноста преку телевизија радио, печат и новите заедници на интернет, како Фејсбук, Твитер и слично, без употреба на сопствениот партиски апарат. Врската со претставниците за односи со јавноста (новинарите, анкетарите и советниците) и оттуѓувањето од партиската организација носи висок рејтинг, па дури и преценување на политичкиот маркетинг во споредба со реалната програмска партиска работа. Како резултат, краткорочните стратешки цели на поединецот често доминираат над долгорочните стратешки цели на организацијата.[7] Ова води до зајакнување на лидерството на партијата и пратеничката група. Истовремено, лидерите и членовите на подредените нивоа на партиската организација ги губат своите одлуки и шанси за учество.

Изменетиот модел на комуникација на политичката елита, меѓусебно и со народот, бара медиумска вештина која е основа на политичката комуникација во медиумската демократија. Во вакви услови, политичкото лидерство подразбира „постојано создавање на мнозинства од различните групи на интереси. Објективната рационалност на испланираните мерки заедно со политичката комуникација носи исполнување на рационалноста. Оттука следува дека политичкото лидерство е често попрагматично претставување од хиерархискиот менаџмент".[8]

Лидерството во услови на медиумска комуникација „произведе нов вид на политичари-ѕвезди. Тој се издвојува од другите затоа што е „забавен" и „инвентивен", „досетлив" и „смешен", „тип на победник" и „ТВ-професионалец", некој „кој би можел да води ток-шоу". Во овој случај, важни се престижот и добивање на моќ преку телевизија. Сепак, во однос на ефективните менаџерски способности, овие карактеристики претставуваат само периферни квалификации".[9] Најмногу што може да направи политичарот-ѕвезда со овие квалификации е да го

привлекува вниманието на јавноста во одделни ситуации. Но, тие, сепак, претставуваат само минимален дел од карактеристиките кои се потребни за да се комуницираат и имплементираат реформите. Оние актери кои единствено се потпираат на вакви квалификации бргу ќе наидат на проблеми со одржување на сопствениот кредибилитет. Како што бргу го привлекле вниманието на јавноста, така бргу и ќе го изгубат. Таквите актери „може да оддаваат надворешен сјај на употребата на моќта, но истата ниту ја овозможиле ниту ја осигурале одвнатре. За ова се потребни други квалификации".

Реформите навистина бараат политичките актери да се способни за создавање публицитет и стратешко искористување на вниманието, но, пред сè, потребни им се политички реалисти кои ќе донесат упорност за да ги изменат структурите, доколку истите повеќе не одговараат за решавање на тековните проблеми. Доколку партиите во голема мера останат да зависат само од извршниот авторитет на врвните играчи и доколку тие или парламентот или другите законски институции бидат лишени од моќ или бидат заменети со добро платени експерти, тогаш тие институции имаат намален капацитет за отпочнување на реформи. Освен тоа, луѓето ќе ја изгубат својата доверба во овие структури (партиите, здруженијата, па дури и медиумите). Поради тоа политичките реформатори треба да изнајдат храброст за да го активираат процесот на промени во општествените институции и понатаму да ги имплементираат тие промени. Брзата поддршка на овие организации само ја сокрива потребата од внатрешна организациска промена, потребни се прагматични решенија!

Социјалните институции не може да се злоупотребат во служба на имиџот на индивидуални политичари. Всушност, демократските институции треба да се користат за пренесување на политичките прашања. Затоа е потребна комуникација со која народот ќе може да се идентификува. Меѓутоа, успешната комуникација за реформи не се случува само во засегнатите умови, туку и во демократските институции: **Оттука следува дека за успешна влада во една парламентарна демократија е потребно политичко лидерство кое е насочено како нанадвор така и навнатре во партијата.** Потребна е и истрајност за разбирливо да се пренесат одлуките на народот и да се добие поддршка од засегнатите институции. Сметам дека гласачите се поумни од аналитичарите по јавни односи!

Надворешната комуникација може да направи компромис со сè што нуди модерната медиумска комуникација и политичкиот маркетинг. Редовните објави во печатот или прес-конференциите, издавањето на билтени и позиции се основата на партиската комуникација. Интернетот денес е од посебна важност за модерната партиска комуникација. Веб-страницата на партијата е главен извор на комуникација и треба постојано да е актуелна. Присуството на политичките партии во модерните заедници на интернет како Фејсбук и Твитер, исто така, е незаменливо во пренесувањето на пораките и претставувањето на лидерите на пошироката јавност. Регионалните ограноци на партијата треба да имаат свои веб-страници за да комуницираат за прашања од локална или регионална важност. Визуелните платформи како Јутуб треба да се користат за ширење на пораките на партијата и претставување на сопствените лидери.

Колку и да се релевантни овие форми на комуникација, недвојбено е дека муабетењето на „обичниот" член на партијата со соседот, колегата или пријателот е многу важен инструмент за дневен контакт и комуникација на партијата со пошироkoто општество. Овој вид на екстерна комуникација може да работи само кога има ефикасна внатрепартиска комуникација.

Партиите се алка во веригата помеѓу општеството и државата. Со цел да бидат избрани и да изложуваат политички барања способни за привлекување на мнозинството граѓани и гласачи, партиите мора да ги знаат маките на општеството. Затоа е неопходен постојан контакт со бројни општествени групации и здруженија. Овој контакт, кој е резултат на придонесот или членството на партиските членови во

други организации, треба исто така да биде формално организиран од партијата во редовни интервали на локално, регионално и национално ниво. На тој начин партијата праќа важни сигнали кон здруженијата.



## 2. 6. 2. Комуникација во самата партија

Внатрешната партиска комуникација е важна исто толку колку и надворешната партиска комуникација. Внатрешната комуникација за партијата не е важна само за информирање на своите членови, туку ги претставува и партиските позиции кон општеството. Ова е многу важна функција за „обичните" партиски членови. Затоа секое партиско водство на национално, регионално и локално ниво треба да се обиде да изгради ефикасен комуникациски систем кон своите членови.

Во многу партии, внатрешната партиска комуникација се одвива неефикасно. Има недостиг од редовни информации за членовите во поглед на актуелните политички прашања. Но, како може партиските членови да ги претставуваат или да ги бранат партиските позиции кога се недоволно информирани за нив?

Понекогаш постои недостиг на основни услови за ефикасна комуникација. Често се случува регионалните партиски здруженија да ја немаат актуелната листа на локални партиски лидери и членови со комплетни адреси и е-пошта итн. Ниту, пак, знаат за посебните интереси на своите членови или за нивното учество во други организации кои треба да ги трансформираат во важни партиски „амбасадори" кон таквите клубови или здруженија. Затоа партиските лидери треба да вложуваат постојан напор да ја подобрат интерната и екстерната партиска комуникација. Во овој контекст, некои активности се од посебно значење:

- Редовни собранија на партиските членови на локално ниво со давање информации и дискусија за релевантни внатрепартиски случувања и одлуки;
- Планирање и координација на годишната програма за комуникација помеѓу различните нивоа на партиска организација;
- Избор или назначување на извршен орган за комуникации на сите нивоа на партиската организација и ефикасна координација помеѓу овие органи. На национално ниво генералниот секретар и назначеното лице за внатрепартиска комуникација треба да се одговорни за ефикасна внатрепартиска комуникација. На регионално ниво треба да има назначено лица со слични функции;
- На сите нивоа на партиска организација, треба да се подготват периодични внатрешни извештаи за важни внатрешни и надворешни случувања. Извештаите треба да се поднесат до следното повисоко ниво во партијата;
- Издавање на информациски лист за членовите или партиски весник кој треба да се дистрибуира до сите партиски членови. Ќе покрива тековни политички теми рецензирани од партијата, како и информации за важни внатрепартиски настани; згора на тоа, ќе се даде одреден простор на партиските членови за и тие да дадат придонес во дискусијата;
- Постојана евалуација на ефикасноста на внатрешната комуникација.




## 2. 7. Внатрепартиска демократија

Внатрепартиската демократија е неопходна за да се зголеми влијанието и придонесот за политички инволвираните граѓани во партијата. Демократска држава не може да биде владеена од партии со недемократски структури. Законски директиви во многу земји постојат за да ги обврзат партиите да ги почитуваат демократските процедури и во нивните внатрешни процеси. Меѓутоа, во реалноста ова често пати се занемарува.

Во многу земји, уставот, или законите ги обврзуваат партиите да ги оформат своите внатрешни процеси според демократските постапки. Меѓутоа, и покрај таквите законски одредби, влијанието на „обичните" партиски членови е релативно ограничено и кругот на членови кои, всушност, се моќни и влијателни обично е многу мал. Причината е во недостигот на интерес меѓу членовите да учествуваат поактивно. Во други случаи, бирократизацијата на партискиот апарат резултира со одредена дистанца, па дури и оттуѓеност, помеѓу партиските лидери и партиските членови. Ова барем делумно важи за посебната природа на модерните масовни демократии кои бараат брза постапка на донесување одлуки, што, пак, од своја страна не дозволува долги гласачки процедури во партијата. Како и да е, искуството покажува дека оние кои вложуваат време и напор во партиската работа навистина се здобиваат и со влијание во партијата.

**Железниот закон на олигархијата**

Во 1911 година, во класичното дело за партиското истражување, Роберт Мајклс го прикажа „железниот закон на олигархијата" („Владеењето на малкутемина").[10] Според истражувањето, секоја организација неминовно изнесува владејачка класа која на подолго време и не може ефикасно да ја контролира. Оттука, партиското лидерство и партиските структури стануваат сè понезависни, кога ќе се земат предвид напредокот на информатичката технологија и сè поголемата специјализација на политиката. Акумулирањето на одговорности и монопол на моќ се симптоми на зголемена олигархија, која создава проблем за демократско формирање на мислење во самата партија. Подобрувањето на демократските процедури и размената на гледишта може да придонесе во отстранување на крутите партиски структури.

Влијанието на локалните партиски комитети на формирање на политичкото мнение и процесот на донесување одлуки на партијата варира во зависност од природата на тековните проблеми. Не секогаш тие имаат влијание врз изборот на кандидати за парламентот. Ова, сепак, се разликува од земја до земја.

Многу партиски системи во светот се жалат на недостиг на внатрепартиска демократија, не само поради намалениот број на членови. Многу партии сега се трудат да имплементираат поатрактивни политики за своите постоечки членови и да изнајдат начин за поттикнување на нечленовите да се приклучат на партијата. Една од можностите е да се отворат кон нечленовите и да им дозволат учество во сите ниски нивоа на партијата. Сепак, искуството покажува дека активности на нечленовите на партијата има навистина малку. Исто така, постои ризик индивидуалната политичка корист на партиското членство да се намали ако нечленовите добијат исти права и учествуваат, на

пример, во внатрепартиски одлуки на кандидатите. Во секој случај, партијата треба да учествува во внатрепартиските одлуки. Дали ова ќе оди директно преку анкетирање на членовите или со постапка на гласање или преку индиректна форма со делегати, секоја партија треба да одлучи според условите. И двата начина се легитимна форма на внатрепартиска демократија, па дури и ако денес општите трендови се во корист на директното учество на партиските членови. Многу е важно селекцијата на партиските лидери и кандидати за избори да се спроведе со почитување на демократските критериуми. Тука, во принцип, треба да се примени пристапот „оддолу па нагоре"; т.е. секоја партија или избрана позиција е озаконета од соодветното изборно тело во самата партија. Во многу случаи тоа е партиската конвенција која може да е на локално, регионално или национално ниво. Овој модел на назначување му овозможува на имателот на функцијата легитимно да се соочи со потенцијалните ривали од својата партија, како и од другите партии.

**Почитувањето на внатрепартиската демократија подразбира:**

- Промовирање на учеството на сите членови во внатрепартиските прашања;
- Можност за членовите да го кажат своето мислење во партијата;
- Можност за учество во одделни групи во самата партија (на пример, жени, младина или средната класа);
- Толеранција кон различните мислења, сè додека тие се во границите на основната партиска програма;
- Почитување на правилата и регулативи за учество на членството во процесот на донесување одлуки во партијата;
- Почитување од страна на партиското лидерство кон „обичните" членови на партијата.



Внатрепартиската демократија, исто така, подразбира дека индивидуални внатрепартиски групи ќе имаат можност да ги изнесат своите гледишта и полемики пред поширока публика. Партијата не треба да се плаши од ова, иако партиите и гласачката популација понекогаш ја сметаат отворената конфронтација на разлики во мислењата и конфликти за знак на слабост, мал кредибилитет или нееднногласност на таа партија.

Во екстремни случаи, навистина е можно различните позиции да се толку спротивставени што ќе доведат до закочување на енергиите на политичарите и внатрешни расправии кои ќе ѝ попречат на програмската визија на партијата. Од друга страна, внатрешните разлики придонесуваат кон политичка дискусија. Значи, можно е да се работи за знак на сила кога една партија ги прифаќа разликите во мислењата и не ги отфрла во име на популарниот повик на единство. Колку и да се знак на жив партиски живот, во време на изборни кампањи партиите треба да ги одложат внатрепартиските дебати и полемики и да се претставаат себеси како обединети. Сите партиски сили мора да се концентрирани на изборната кампања. За конкурентите во внатрепартиската трка ова би значело оставање на страна на личните чувства и почитување на гласот за кандидатите. И покрај тоа, многу често може да се забележи токму спротивното. Оние кандидати кои загубиле на внатрепартискиот натпревар многу често создаваат свои политички партии или изборни платформи, така нарушувајќи го својот однос со старата партија без да добијат значајна лична предност.

## 2. 8. Внатрепартиски конфликти и решавање на конфликти

Во самите партии, конфликти може да се случат повремено поради различно гледање на политичките прашања, но и како резултат на политичко ривалство за позиции и влијание. Овие конфликти се

неизбежни и легитимни, но мора коректно да се аргументираат. Во партијата секогаш постои согласност за моќ и влијание; ова е дел од секојдневната работа. Меѓутоа, на крајот внатрешните конфликти мора да се решат во рамките на демократски и транспарентни процедури. Важно е секој кој е вклучен во таквиот конфликт да ги почитува демократските решенија на партијата.

Во некои земји особено истакнатите партиски членови, кои може да имаат и мандат во парламентот или да држат друга јавна функција, се склони кон напуштање на партијата кога конфликтите не се решени во нивна корист. Ова не само што ѝ штети на партијата, туку, исто така, е пример за лошо демократско однесување. На крајот на краиштата, демократијата значи дека поединецот мора да го почитува мнозинството, па дури и ако личната позиција е „само" мислење на мнозинството.

Формално тело за решавање на внатрепартиските конфликти и спорови се партиските состаноци и конвенции, каде разликите во мислењата може да се дискутираат и да се решат на демократски начин. Последна инстанција за решавање на споровите, но обично не и политичките спорови, се партиските судови кои во некои земји се задолжителни според законот или, пак, се според партискиот статут. Овие партиски судови гарантираат дека конфликтите првин ќе се решат интерно, а не пред јавните судови. Партиските судови најчесто се справуваат со расправии околу статутот за членство или правото на глас, внатрешна ревизија на гласачките процедури и други процедурални прашања или санкции против членовите чие однесување не е во согласност со партиската линија и кое може да го наруши статутот или основните партиски вредности.

Покрај овие формални начини на решавање на конфликти и посредување, партиите често применуваат „меки" форми на посредување при конфликт помеѓу ривалските групи и поединци. Најпозната форма, секако, е нудење на поделба на моќта со покана на ривалите на одредени функции. Илустративен пример за оваа пракса е претседателот Барак Обама кој ја покани внатрепартиската ривалка Хилари Клинтон да биде негов државен секретар. Тој го покани и признаениот експерт од редовите на Републиканците, Роберт Гејтс, да биде негов секретар за одбрана. Стариот принцип на „раздели па владеј" го нема загубено своето значење. Помага во заштита на сопствената позиција на моќ и често им нуди на сите инволвирани страни ситуација каде секоја страна добива.

Внатрепартиските конфликти и внатрепартиските идеолошки разлики може да бидат намалени, исто така, со покана на ривалските внатрепартиски групи и нивните претставници на прием кај менаџерското ниво на политичките партии – каде партиските лидери ќе бидат во можност да воспостават разумна форма на соработка, што, секако, носи корист за целата партија. Истото важи и за напорите да се интегрираат претставници од различните внатрепартиски групации во партискиот совет или други лидерски позиции. Овие форми на преговарачка интеграција на ривалските групи во партискиот менаџмент се покажаа како поуспешни од квота аранжманот, кој е поформален и пооспоруван. Како и да е, квота аранжманите може, исто така, да придонесат кон подобрување на претставувањето на одделни групи во политичката партија.

## 2. 9. Квота за жени и малцинства

Иако повеќето устави во светот пропишуваат еднаков третман на мажите и жените, жените се помалку присутни во светот во партиите и политичките лидерски функции. Во многу земји се прават напори да се постигне посилно учество на жените во политиката. За оваа цел, секако, е неопходен интензивен придонес на партиите.

За да им се даде на жените поголем простор за политички придонес и вклученост, поставена е статутарна женска квота во многу земји со

различни регулативи. Вообичаено, целта е да се обезбеди минимален број на партиски функции и позиции за жените за време на изборите. Искуствата покажуваат дека таквите квоти – каде што функционираат! – може во пракса и навистина да помогнат за повисок процент на жени во политиката.

Меѓутоа, искуствата покажуваат дека квота регулативите често не се применуваат во пракса, па како резултат на тоа нема многу повеќе жени во парламентите од порано. Оттука следува дека мора да се вложат напори за да се обезбеди примена на женската квота и дека има зголемување на процентот на жени во политиката, т.е. во парламентите. Ова, секако, е прашање на политичка култура за чие развивање е потребно повеќе време.



Некои партии применуваат правила на квота за да гарантираат соработка на одделни малцинства со рамките на својот ранг и досие. Политиката гарантира претставување на етничкото малцинство во две форми: квота за номинирање на кандидати во политичките партии и резервација со легислатива. Резервацијата со легислатива вклучува резервирање на места за одделни групи и само членови на една група може да гласаат за претставник од групата.



Така се добиваат одделни рунди на гласачи за малцинствата. Овој систем не е омилен во мултикултурните општества, бидејќи го поткопува поттикот за политичко мешање на заедниците. Учеството на етнички или расни малцинства во законодавството често го поставува прашањето до кое ниво овие групи се претставени во партиите и законодавството и до кој степен може да повлијаат на политиката и донесувањето одлуки.

Се прават значителни напори од страна на политичките партии за да се зголеми поддршката на етничките малцинства. Тие се регрутираат преку поставување на единици на етнички врски од политичките партии со цел да го подигнат профилот на партијата кај етничките заедници. Ова може да одигра важна улога во локалните избори, бидејќи доколку етничките малцинства не го добијат својот дел во претставувањето, ниту една партија која претендира да владее нема да ја добие нивната поддршка.

## 2. 10. Финансирање на партијата

Политичките партии имаат потреба од финансиски ресурси со цел ефикасно спроведување на своите функции во духот на негување на демократското општество, за да се здобијат со експертиза, да ја развијат својата програма и истата да ја дистрибуираат, да ја одржат стабилна организациската структура, да ја развиваат комуникацијата со членовите и најважно да спроведат изборна кампања. Во идеален случај, ова финансирање ќе им овозможи на партиите да ги спроведат своите задачи без да бидат финансиски зависни од една интересна група или лице.

Бидејќи потребата на партиите за демократски систем е неспорна, многу демократски земји имаат владина финансиска поддршка од партиите. Оваа поддршка може да заземе форма на директни грантови од благајната (вообичаено како повратен фонд за трошоци при изборна кампања) или форма на индиректна поддршка преку даночно олеснување за донации на партии.

**Извор на приход**

- Членарината е најнеконтроверзен извор на приход. Членарината е знак на врска помеѓу членовите и партијата. Членарината не е само важен извор на финансии, туку е и израз на приврзаност кон партијата. За жал, сиромашните членови на партијата честопати не можат да си ја дозволат членарината. И доколку има злоупотреба на партиските фондови, тогаш има дури и послаба волја да се плати каква било членарина. Поради ова, политичките партии треба да поднесат сметка за користење на членарината (како и другиот вид на приход) во транспарентна форма.  Дури и во сиромашните земји, партиите треба да собираат мали членарини од своите членови, но би требало да понудат и некоја услуга за возврат. Онаму каде нема начин за собирање на членарина во форма на пари, секогаш постои можност за собирање на „членарина" во форма на некои услуги за партијата;

- Финансиски придонеси од членовите во парламентот и други регуларни давачки на функционерите од партиите; овие лица даваат придонес за партијата поголем од членарината, бидејќи ѝ го должат својот мандат или позиција во јавната администрација итн.;

- Приходи од капитал, настани итн.; некои партии имаат свои бизниси (на пример, печатници за дистрибуција на партиската документација и партиските брошури итн.) или спроведуваат други активности кои генерираат приход. Во принцип, тие треба да ги пријаваат сите приходи од вакви активности и својот капитал;

- Донациите се најконтроверзниот јавен извор на партиско финансирање. Ова посебно важи за големите партии кои добиваат важен дел од своите приходи преку донации. Проблемот е во тоа што главните донатори од стопанството може да се обидат да изнудат политичко влијание со тек на време. Ова е спротивно на принципите на демократска еднаквост;

- Заемите се важен, но проблематичен извор на финансирање на политичките партии. Заемите може да доведат до долгови, а за многу партии задолженоста претставува сериозен проблем. Не е лесно да се редуцираат долговите по законски пат. Доколку тоа е можно, политичките партии треба да го избегнат ваквиот начин на финансирање. Во секој случај, тие треба и официјално да ги пријават своите обврски кон кредитните институции;

- Поврат на средствата за трошоци од изборна кампања. Ова е вообичаена пракса на јавно партиско финансирање. Повратот на трошоците од изборната кампања обично е поврзан со изборните резултати на партијата.

Слика 3: Извори на финансирање на политичките партии




**Принципи на партиско финансирање**

- Партиите годишно и официјално ќе ги пријавуваат своите финансии, посебно во случаи кога примаат јавни фондови;
- Членарината ќе биде главен дел од партискиот приход. Членарината не само што има финансиски ефект, туку и го подобрува идентитетот и го обврзува партиското лидерство да биде транспарентно кон своите членови;
- Владините придонеси до партиите треба да го почитуваат принципот на еднаква шанса, како и влијанието на изборите, кое се искажува преку резултати од изборите;
- Вкупниот годишен волумен на владини придонеси кон партиите треба да е фиксен;
- Во поглед на владините придонеси кон партиите, треба да се земе предвид волуменот на донации на партијата;
- Лимитот за даночно олеснување за членарината и донациите треба да е колку што е можно понизок;
- Донациите на партиите со претпочитан низок лимит па нагоре треба да се јавни.

**Собирање на средства за партиите**

Јавното финансирање на партиите не треба да претставува единствен, ниту главен извор на приход на партиите. Оттука, партиите треба да развијат способност за создавање на правилни начини за приход. Ова е суштинска задача за секоја партија и поради тоа мора да биде доволно разгледана кога се структурираат и распределуваат задачите во партијата.

За да се собираат средства, потребна е стратегија, а истата треба да ја развие благајникот на партијата. Тој ќе ги диригира и ќе ги координира сите активности за собирање на средства; понатаму, тој ќе треба да се координира со регионалните и локалните благајници на партијата. На сите партиски нивоа треба да има службеник за финансии (благајник) кој е способен да собира средства.[11]

Собирањето на фондови треба да се спроведе преку стратегија. Како успешни, меѓу другите, се покажаа следниве мерки:

- Лични молби за донации кои ги спроведуваат лидерите и членовите или други луѓе блиски на партијата;

- Лични писма со кои се бара помош од членовите и други луѓе;

- Свикување на комитет за финансиски средства;

- Организација на посебни настани (прослави, летни забави, тематски настани) каде може да се бараат донации;

- Контактирање луѓе со цел собирање донации;

- Домашни посети на членови, корпорации и луѓе од кои се очекува да се добијат донации.

Што се однесува на привлекување на нови членови, личните контакти се покажаа како најдобар метод за барање донации. За ова, сепак, неопходно е добро уреден регистар на членови и симпатизери со што би се овозможило промоторите да ги изнајдат потенцијалните донатори лично. Безличните масовни писма најчесто се без ефект, а прават трошоци. Донациите може да бидат и во форма на волонтерска работа со давање помош при организирање на настани и информативни вечери, таканаречено „улично агитирање" за време на изборните кампањи или преку обезбедување на места за состаноци за партијата.

Посебно важно е кога се работи за кеш донации, партиите да им објаснат на донаторите за која цел истите ќе се користат. Се работи за транспарентност и така се зголемува волјата за донирање. Партиите треба соодветно да искажат и благодарност за донациите, на пример, преку лично писмо на благодарност, мали подароци, рекламен



материјал како пенкала, тефтери или мемориски стикови со партиско лого и општи информации за партијата. Сепак, партиите мора да се внимателни да не ги трошат своите средства на давање великодушни награди. Сите мерки поврзани со подигање на фондовите мора да се во согласност со законската регулатива и треба да се почитува принципот на транспарентност.

# 3

# ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И НИВНИОТ ОДНОС СО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ИНТЕРЕСНИТЕ ГРУПИ

## 3. ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И НИВНИОТ ОДНОС СО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ИНТЕРЕСНИТЕ ГРУПИ

**Уште од своите почетоци во 19-тиот век, политичките партии во основа биле организации на граѓанското општество.** Поточно, (западно) европските партии  произлегоа како организиран израз на социјалниот и политички конфликт. Либералните, конзервативните, руралните и социјалдемократските организации се обидуваа да ја утврдат својата позиција во и преку партиските организации. Преку учество на избори, застапување во парламентот и учество во демократски избраните влади, тие бараа имплементација на социјалните и политички реформи. Според потеклото, но и според својата парламентарна ориентација и желбата да се стигне до јавна функција, сѐ до денес политичките парии се позиционирани помеѓу граѓанското општество, парламентот и владата.

На извесен начин, политичките партии може да се сметаат за политички организации на граѓанското општество  кои соединуваат интереси на посебна група (или неколку групи) и истите ги изразуваат и застапуваат. Преку учество во демократски избори, тие се желни да ги претставаат овие интереси пред народните претставници и формалните политички институции.



## 3. 1. Партиите и граѓанското општество

Вообичаено, партиите се основани на два начина: од страна на социјална елита која собира околу себе група на влијателни поддржувачи за да ги одбрани своите позиции или преку граѓани кои бараат поддршка од истомисленици за да постигнат политичка или општествена промена. Во првиот случај, се работи повеќе за партија формирана од врвот надолу, како што е случајот со првите либерални партии, кои беа засновани врз слабо организирани изборни комитети пријавени за застапување во парламентот.

Овој начин на создавање на политички партии не е типичен само за историјата на западноевропските политички партии од крајот на 19-тиот век. Реформаторските движења во бившите комунистички земји на Источна Европа, како „Чарта 77" во Чехословачка; синдикалната унија и социјалното реформаторско движење „Солидарност" во Полска или демократските граѓански движења, како „Иницијатива за мир и човекови права", „Новиот форум" и „Демократско будење" во бивша Источна Германија произлегоа од граѓанското општество и подоцна беа оформени во политички партии или се придружија на постојните партии.

Од 90-тите години на минатиот век, во време на надојдена општа критика кон политичките партии од страна на социјалните активисти, но и од социолозите, отпочна интензивна меѓународна дебата околу концептите на застапување и учество. Постоеше општ став за криза во демократијата, со посебен фокус на кризата на застапување и институциите, но и на политичките партии. Во контекст на оваа дебата, проширувањето на директното учество се чинеше како универзална лековита мерка за смена на нерасчистените основи на застапување на народот. Организациите на граѓанското општество, како што се локалните граѓански иницијативи или „новите општествени движења" (мировните, женски и еколошки движења), станаа нов предизвик за партиите поради сопствената неспособност да ги решат постојните проблеми, но и како резултат на демобилизација на нивното членство. Бројот на ваквите иницијативи и движења, во повеќе наврати наречени „монотематски движења", доживеа значителен пораст во текот на последниве две децении. Во некои земји се основаа нови политички партии кои се концентрираа на едно или неколку прашања (антиемигрантски партии, интернет партии итн.). Во многу случаи, традиционалните политички партии интегрираа нови прашања, како, заштита на животната средина, алтернативна енергија, одржлив развој итн. Овие прашања денес се дел од програмите на веќе востановените партии. Од друга страна, некои од новите општествени движења ги презедоа функциите од партиите, пред сè, изразувањето и застапувањето на социјалните интереси.

Сепак, во последниве години се појавуваат знаци на разочарување во врска со можностите и способностите на организациите на граѓанското општество и нагласена согласност околу потребата да се постигне разумен баланс помеѓу застапувањето и учеството. Се докажа дека масовната демократија може единствено да функционира во форма на репрезентативна демократија и дека партиите на крајот на краиштата се единствените легитимни институции поради учеството на општи избори, оправдувајќи го своето застапување и легитимност токму преку учеството на избори. Организациите на граѓанското општество обично не се способни да ја докажат сопствената реална репрезентативност (освен кога станува збор за поврзаност со јасно дефинирана клиентела). Исто така, имаат недостиг од потребната структура, процеси и искуства, како и персонал за да ги вршат дополнителните класични функции на политичките партии, како легитимност, избор на кандидати, и најважно од сè, демократска влада. Организациите на граѓанското општество не може да ги заменат политичките партии. Сепак, треба да се нагласи дека организациите на граѓанското општество нудат важен придонес кон политичкиот процес и стабилизација на демократијата во секое општество. Зголемувањето на бројот и важноста на организациите на граѓанското општество низ целиот свет се доказ дека практично насекаде значителен дел од

граѓаните посакуваат да земат учество во политичките процеси. Но, дури и во областа на организациите на граѓанското општество може да се забележат слични тенденции како и во политичките партии: традиционално силните институции, како работничките синдикати, денес се ослабени; мнозинство од организации не значи и посилно влијание туку повеќе е индикација за нивната расцепканост; многу од овие организации не се ниту транспарентни ниту ги почитуваат демократските правила во своите внатрешни процедури, тие се обично слаби во организацијата и ретко постигнуваат долгорочни резултати со своето членство; идентификувањето со нив е често краткотрајно. Оттука, демобилизацијата на партиите само делумно се компензира со организациите на граѓанското општество.

Организациите на граѓанското општество може да извршуваат одредени функции кои важат и за партиите. Меѓутоа, тие не може да ја исполнат најважната функција на партиите: учество во општи избори, кое не само што им овозможува на партиите да ја споделат својата политичка моќ, но и да обезбедат своја репрезентативност. Наспроти ова, вистинското застапување на организациите на граѓанското општество, иако се способни да поттикнат големи толпи во посебни прилики, останува нејасно. Општествените организации може да ја докажат својата вистинска поддршка во општеството доколку се трансформираат во политички партии.

## 3. 2. Партиите и здруженијата

Интересните групи се посебна форма на организирано граѓанско општество. Тие ги организираат и изразуваат општествените интереси на граѓани поединци, социјални групи или други општествени организации како бизнис здруженија или синдикати. Во контекст на институционално формирање на политиката и структурите на донесување одлуки тие извршуваат функција на изразување на интересите и медијација. Извршуваат слични функции како



политичките партии. Меѓутоа, нивниот фокус лежи на одделен сектор, наспроти територијалното и општото политичко застапување, кое е во основата на партиите.

Интересните групи се карактеризираат со посебни организациски и функционални карактеристики и посебни шеми на односи со другите актери во политичкиот систем, државните институции, медиумите, но и политичките партии.

Дури и кога интересните групи извршуваат некои од функциите на партиите, може да ги разликуваме од партиите по трите главни особености:

- Не се вклучуваат во политичкиот натпревар за места во парламентот,
- Нивната мисија, цели, програми, активности и област на интерес обично се ограничени на одделни прашања или се грижат за одделна група во општеството, додека партиите главно целат кон поопшта замисла и функции на застапување или интеграција на различни општествени групи,
- Тие се поповрзани со групите чии интереси ги претставуваат. На пример, бизнис организациите се водени од интересите на своите членки корпорации и нивните претставници; синдикатите ги претставуваат интересите на работниците на прв план од нивните дејства, кои главно се во врска со преговори за плата и условите за работа; други организации се фокусираат на социјални и културни прашања или еколошки прашања, како здруженијата за социјална помош кои се фокусираат на понудата на социјални услуги.

Интересните групи во никој случај не се хомогени; тие се разликуваат не само по областа на интерес, туку и според обемот, структурата, основата на моќ, потенцијалното влијание, стратегии итн.

Политичката релевантност на интересната група е различна колку што се различни и здруженијата. Меѓутоа, за некои здруженија обидите да се повлијае на политичките дебати и одлуки се клучен дел од нивното постоење. Главно, здруженијата се обидуваат да влијаат на одделни партии, политички дебати и одлуки во своја корист. Ова во принцип е постапување по законите, но дава акцент на балансот помеѓу интересите на општеството во целина со секторските интереси, посебно во оние случаи кога моќните интересни групи ги вложуваат своите ресурси – пари или можноста да мобилизираат големи толпи – за да повлијаат на политичките одлуки во сопствени цели.

Обично партиите постојано се повикувани при организираните побарувања на интереси на здруженија (посебно кога партиите учествуваат во владата). Истовремено тие дејствуваат како чинители во процесот на обликување на политиката на другите партии. Со извршување на различни функции, партиите и здруженијата, на одреден начин, се подложни на заеднички услови на дејствување. Односот помеѓу здруженијата и политичките партии зависи од улогата што индивидуалната партија ја игра во политичкиот систем.

Помеѓу партиите и интересните здруженија постои однос на меѓусебна зависност. Здруженијата имаат потреба од пристап до партиите за да добијат директна врска со процесот на формирање на политиката, додека партиите се поддржани од здруженијата при изборите. Понатаму, здруженијата имаат можност прилично рано во процесот на донесување на законите да повлијаат на министерската бирократија, која, пак, зависи од информациите од здруженијата. Во овој поглед постојат меѓусебни односи на зависност.

Можноста за постигнување на важност за здруженијата е определена не само според нивната сопствена организациска способност, туку во голема мера од способноста да ги претставуваат интересите преку конфликти. Може, на пример, да организираат штрајкови или да употребат други форми на притисок. Ефикасноста на таквите закани



зависи од одделни констелации во политичкиот систем. На пример, ако промената на партиската предност во тесното мнозинство во парламентот е под закана, ова го зголемува влијанието на интересните групи.

Влијанието на здруженијата врз процесот на донесување одлуки мора внимателно да се набљудува и е постојана тема на анализа во политикологијата. Во Германија, на пример, каде постојат голем број на здруженија, многумина се плашат дека „моќта на здруженијата“ значи закана по суверенитетот на државата. Овие стравови во голема мера се неосновани. Емпириските студии за формирање на одделни закони дојдоа до заклучок дека во процесот на донесување закони не постојат докази за влијанието на која било самостојна доминантна интересна група. Сепак, во Германија, како и во многу други земји, индивидуалните здруженија директно влијаат на законодавната постапка во односните области во политиката. Во многу случаи, големите бизнис здруженија имаат поголемо влијание во однос на помалите.

Политичарите треба да се свесни за ова прашање. Поради посебниот однос помеѓу политичките партии и здруженија, секогаш може да се јави проблемот секторските интереси да ги надвладеат општествените интереси. Со организирање на политиката и политичкиот систем треба строго да се запазат релевантните правила на транспарентност во врска со дејствувањето на здруженијата.[12]

4

# ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ПАРЛАМЕНТОТ И ВЛАДАТА

## 4. ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ПАРЛАМЕНТОТ И ВЛАДАТА

**Политичката партија ја постигнува својата примарна цел кога добива застапеност во парламентот или учество во владата.** „Речиси успеала": нејзините претставници седат во парламентот, можеби дури се во власта; во фиксниот мандат партијата ја употребува својата моќ, ужива во привилегиите поврзани со политичката моќ и може конечно на своите клиенти да им направи услуги. Меѓутоа, од политичка перспектива само со успешен влез во парламентот почнува „вистинската" работа. Зависно од тоа колку места во парламентот ќе освои партијата, сега е време да се формираат коалиции, коалициски договори и аранжмани, да се спроведе владината програма и да се соочи со безброј проблеми и на крајот да се реши најголемиот број од нив.



Преку изборите се решава како партиите се застапени во националниот парламент, на регионалните парламенти и во локалните совети. Барем во принцип, пратеничката група се обидува да го издејствува во парламентот сето она за што партијата прокламира дека се залага. Успехот на овие напори во многу зависи од големината на пратеничката група во парламентот, и оттука колкав е размерот на мандатите и дали ја составува власта или опозицијата.

На владата ѝ е потребно парламентарно мнозинство и поради тоа владата и здружените сили на партијата во владината коалиција тесно соработуваат. Наспроти ова, опозициските партии внимаваат на владата и предлагаат конструктивна алтернатива на проектите на владата и владините партии.

Во овој класичен модел на поделба на власта постои јасна разлика помеѓу извршното (владата) и законодавното тело (парламентот). Меѓутоа, во пракса овој модел не функционира со строга поделба на двата органа, туку има испреплетеност или поделеност на задачите. Ова посебно важи за парламентарните владини системи, каде извршниот ресор во многу зависи од поддршката во парламентот. Помеѓу владата и парламентот, т.е. мнозинството од владините поддржувачи во парламентот постои меѓусебна зависност, со што се наметнува високо ниво на согласност и обединетост. Без единство речиси е невозможно да има ефикасно владеење. Поради ова, секоја влада мора да се стреми кон постигнување на широко и стабилно мнозинство во парламентот, обично во двата дома на парламентот, доколку постои дводомен систем. Ова важи и за раководството на регионалните и локалните совети.

Само парламентарната опозиција има интерес да ја дотера владата во ќош. Владината партија, пак, обично се воздржува од критика кон сопствената влада или изразува критика кога се во прашање детали или дискусии околу тековните проекти. Во повеќе земји има редовни состаноци за координација помеѓу пратеничките групи на владејачките партии и претседателот на владата и членовите на кабинетот околу подготовка на гласачките процедури во парламентот. Парламентарците од владејачките партии често се подобро информирани за тековните проекти преку неформалните контакти со членовите на владата.



## 4. 1. Пратенички групи

Претставниците на одделните партии создаваат пратенички групи во парламентот. Партиските и претседателите на пратеничките групи обично формираат тесно поврзана група и се обединети преку основни политички убедувања. Иако може да се појават тензии, пратеничките групи обично се сигурни во изнесување на какви било спротивставени партиски мислења. Подолги конфликти помеѓу партијата и нејзината пратеничка група ретко се случуваат. Координаторите на пратеничките групи обично го имаат најголемото влијание во партијата. Освен парламентарните задачи, тие треба да ги ублажат тензиите помеѓу партијата и пратеничките групи.

Солидарноста и дисциплината во пратеничката група се неопходни и легитимни. Меѓутоа, постојана обврска на сите парламентарци во партијата да се покорат на  партискиот камшик е невозможно да се постигне. Најдемократските институции во светот гарантираат „слободен мандат" на парламентарците. Редица од камшици, наредби или инструкции од партијата врз парламентарците се неуставни. Во минатото па и денес, главно комунистичките партии се тие кои имаат спроведувано принудни мерки кон своите членови во парламентот. Во ваквите случаи парламентарците се вистински „војници" на својата партија.

Сепак, границите помеѓу дисциплина во пратеничката група и мерки на принуда се често заматени, дури и во демократските партии. Доколку парламентарецот има намера да биде повторно кандидат во парламентот, тој ќе ја поддржи пратеничката група со цел да биде земен предвид на кандидатската листа и да биде поддржан од партијата во својата кампања. Работата на парламентарците во пленарното собрание, во комитети и другите панели во парламентот во најголем број земји во суштина е определена од политичката ориентација на партијата.

5

# ПАРТИСКО ЛИДЕРСТВО

## 5. ПАРТИСКО ЛИДЕРСТВО

**На политичките партии им се потребни силни политички лидери.** И покрај сите напори вложени во организацијата, а неопходни за траен успех, во облик на политички стратегии, комуникација и програми, политичките партии треба да имаат и соодветни политички лидери за да бидат атрактивни за населението и гласачите. Политичките лидери го водат процесот на обликување на политичкото мислење и донесувањето одлуки и тие одлуки се легитимни.

Уште од антички времиња, политичките мислители се засегнати со прашањето околу неопходните квалитети на еден „добар" политички лидер. Овие идеи еволуирале од Платоновите „филозофски кралеви", преку прагматизмот на Макијавели (сè е оправдано доколку води кон победа и одржување на моќта), до модерните теории за елитите и согласноста, развиени од таканаречените италијански школи на социолози, како Вилфредо Парето и Гаетано Моска, кои произлегоа со подемот на политиката на масите. Овие различни гледишта во врска со политичките лидери тука може само да се напомнат, но не и да се објаснат во поширока форма.



Политичките лидери во демократиите се овластени преку избори да го водат процесот на градење на политичката мисла и донесување на одлуки. До кој степен се способни да ги користат овие можности зависи од политичките услови: зависно од системот на владеење (дали е претседателски или парламентарен систем), потоа од карактерот на владата, дали се состои од една партија, од коалиција на партии, или форматот на државата, дали е унитарна или федерална држава итн. Понатаму, силата (или слабоста) на интересните групи како синдикатите или здруженијата на работодавци и улогата на војската се фактори кои влијаат на обликот и особеностите на политичкото лидерство. Без разлика на условите, политичките лидери треба, во идеална смисла, да покажат одредени особини. Некои од нив се наведени подолу.

**Особини на политичките лидери**

- Етички и морални принципи, како и јасни политички цели кои ги водат нивните дела (и кои во демократијата треба да се транспарентни). Чесност и кредибилитет се двете главни карактеристики на лидерството, како и одговорност кон граѓаните.
- Политичка експертиза за да може да се испитаат и оценат политичките прашања важни за политичкиот процес и политичките и општествените последици од него.
- Менаџерска способност за да се води една голема организација и јасно разбирање на условите кои преовладуваат за да се биде способен за соодветно приспособување кон новите предизвици (дури е подобро ако се има способност за предвидување на промените).
- Емпатија, а во најдобар случај харизма, за да го убеди и да добие поддршка од народот за политички одлуки кои се во постапка на имплементација или веќе се донесени.
- Личните фактори, исто така, играат улога, како познавањето на човековата природа, практично расудување, лични контакти, комуникативни вештини и стратегиски пристап, способност за брза акција, но и трпеливост и сл.



Овие особини се најважни за интерно водство, што значи на самата партија, но и за екстерно, за да се добие поддршката од граѓаните и гласачите и за да се спроведува политичката моќ.

Политичкото лидерство значи многу повеќе од знаење и функциска контрола над законодавната постапка; политичките лидери треба посебно да извршуваат „постојана и долгорочна потрага по политички концепти, од една страна, и интеграција и убедување на политичките институции и граѓаните, од друга страна“.[13]

Истовремено, политичкото лидерство бара флексибилна адаптивност кон сложениот „гласачки пазар“.[14] Се зголеми стратешката маргина за партиите, бидејќи сега има различни групи на гласачи до кои треба да се добие пристап. Како резултат на ова, политичките лидери треба да се флексибилни во поглед на политичката содржина, но без да се откажат од суштинската позиција во партијата, бидејќи ова може да ги одврати традиционалните гласачи.

Прашањето околу политичкото лидерство се појавува одново и одново, особено во време на глобализацијата, која има значително влијание врз организацијата на националната политика, и оттаму и на националните политички лидери. Општо гледано на меѓународно ниво може да се забележи дека потребата од лидерство очигледно е зголемена. Ова е последица на различниот притисок на проблеми на кои е изложена либералната, репрезентативна демократија. Ова уште еднаш се потврди за време на економската криза во 2008/09 година. Во такви ситуации од политичките лидери се бара да донесуваат одлуки со демократска одговорност.

Сепак, не се работи само за зголемениот политички, социјален и економски притисок кој го воскреснува повикот за политичко лидерство. Преку ефектот на персонализација, масовните медиуми, исто така, значително придонесуваат кон евалуацијата на поединци кои ги држат врвните позиции во партијата или владата, и тие се медиумски претставени како главни актери во процесот на донесување одлуки.

Интересот на медиумите за персонализација води кон процена на поединците кои ги држат врвните извршни политички функции. Ова посебно се поврзува со зголемената потреба од координација меѓу извршните раководители во секторската политика. Надворешно, главно се должи на формирање на систем на меѓународна самит дипломатија.

## 5. 1. Дилемата на политичкото лидерство

Улогата на политичкото лидерство е дискутирана одново и одново во филозофијата, политикологијата и историографијата на најразлични култури. Социологот Макс Вебер, кој ја проучувал детално оваа тема, посебно се фокусира на етичката дилема помеѓу „етиката на крајните намери" и „етиката на одговорност", со која политичките лидери се соочуваат одвреме-навреме. „Етиката на крајните намери" се однесува на политичкото однесување кое се концентрира исклучиво на етичката и морална позиција на актерот, без да ги земе предвид последиците од политичкото дејствување базирано на таквото однесување. Наспроти ова, „етиката на одговорност" ја зема предвид политичката одлука во поглед на етичките и морални последици. Макс Вебер доаѓа до заклучок дека модерните демократски политички лидери не треба да се раководат од „етиката на крајните намери", туку од „етиката на одговорност". Одговорните политичари имаат потреба од инстинкт за моќ и чувство за одговорност и пропорција, но и страсна посветеност кон самонаметнатото надлично прашање, дури и харизма за да се задоволат емотивните потреби на следбениците.

„Политиката е како иверка, силна и бавно се продира низ неа. Бара и страст и перспектива. Секако, севкупното историско искуство ја потврдува вистината – дека човекот не би го задржал возможното ако одвреме-навреме не посегнал по невозможното. Но, за да го стори тоа човек мора да е лидер, но не само лидер туку и херој, во многу трезна смисла на зборот. Дури и оние кои се ниту лидери ниту херои мора да се наоружаат со непоколебливо срце кое може да ги охрабри дури и најтрошните надежи. Ова токму сега е потребно или луѓето нема да го задржат ниту она што денес е возможно. Создаден за политика е само оној кој е сигурен дека нема да се урне кога светот од негова гледна точка е преглуп или препрост за она што тој го нуди. Само оној кој соочен со сето ова вели „И покрај сè"! е создаден за политика". (Макс Вебер во својот познат есеј за „Политиката како занимање").[15]

## 5. 2. Лекции од политички лидери

**Лекции по лидерство од Нелсон Мандела**



**Нелсон Мандела, претседател на Јужноафриканската Република (1994-1999)**

Нелсон Мандела беше истакнат активист против режимот на апартхејд во Јужна Африка, поради што помина во затвор 27 години. По ослободувањето во 1990 год. беше избран за претседател на Јужноафриканската република (1994-1999). Неговото искуство како политички лидер произнесе неколку лекции, кои беа собрани под наслов „8-те лекции по лидерство на Мандела"[16]:

1. ***Храброста не е отсуство на страв, таа значи инспирирање на другите за да го надминат стравот.***

Еден лидер не може да се преправа дека е храбар, но не смее да дозволи народот да знае за неговите стравови. Тој мора „да носи маска". Преку неговиот држење кое оддава бестрашност, Мандела ги инспирираше останатите. Знаејќи дека е пример за останатите, Мандела собра сила да триумфира над сопствените стравови.

***2. Води на чело, но не ја оставај својата база во заднина***

Лидерот ја носи својата база на поддршка со себе и кога ќе пристигне до мостобранот, му дозволува на народот да продолжи.

***3. Води од заднина  и дозволи им на другите да мислат дека тие се на чело***

Трикот на лидерството е да си дозволиш себеси да бидеш воден, исто така. Мандела вели дека е мудро да се убедат луѓето да направат нешто и да помислат дека тоа е нивна идеја.

***4. Запознај го својот непријател  и дознај го неговиот омилен спорт***

Лидерот ги познава силите и слабостите на непријателот и според нив ја осмислува својата тактика. Тој му се умилкува на својот непријател.

***5. Чувај ги непријателите близу, а ривалите уште поблизу***

Мандела ја ценел лојалноста, но никогаш не бил опседнат од неа и велел „луѓето дејствуваат според сопствените интереси". Мандела верувал дека прифаќањето на ривалите значело и контрола врз нив; тие се поопасни кога се сами отколку кога се во кругот на неговото влијание. Сфатил дека за да се справи со оние на кои не им верува најдобро е да ги неутрализира со шарм.

***6. Изгледот е важен и не заборавајте да се насмевнете***

Мандела сфатил како неговиот изглед може да ја унапреди неговата кауза. Неговиот адвокат се сеќава дека Мандела бил првиот црн Јужноафриканец кого го видел како му земаат мерка за одело. Иако не бил одличен говорник, тој секогаш го играл тоји-тоји танцот, кој бил симбол на нивната борба. Неговата блескава, блажена, сеопфатна насмевка „била пораката": за белите Јужноафриканци значела отсуство на горчина; за црните гласачи, пак, дека тој е веселиот воин кој ќе триумфира.



***7. Животот не е ниту црн ниту бел***

Животот никогаш не е „или/или". Одлуките се сложени и секогаш има спротивставени фактори. Барањето на едноставни одговори е заблуда на човечкиот ум и не одговара на реалноста. Ништо не е недвосмислено како што се чини. Мандела нема ништо против контрадикциите и како политичар бил прагматик кој го гледал светот во безброј нијанси. Неговите калкулации секогаш тргнувале од прашањата: „Каков крај посакувам"? и „Кој е најпрактичниот начин да стасам до него"?

***8. Да се откажеш значи и да водиш***

Мандела со понизност го прифатил спознанието дека напуштањето на една пропадната идеја, задача или врска е често најтешката одлука која лидерот мора да ја направи. Неговото најголемо наследство како претседател на ЈАР беше начинот на кој избра да си замине. Човекот кој беше татко на земјата одби да ја држи истата во заложништво. „Неговата работа беше да го постави курсот, но не и да управува со бродот". Тој знаеше дека лидерите подеднакво водат и кога избираат што да прават, но и кога избираат што да не прават.

**Принципите на лидерство на Руди Џулиани**

Руди Џулиани беше успешен градоначалник на Њујорк (1994-2001) и стана меѓународно познат по своите менаџерски вештини во време на криза по терористичкиот напад на 11 септември 2001 год. Постигна и подобрување на имиџот на градот, кој порано беше карактеризиран како распуштен поради своите економски проблеми и криминално насилство. Иако не успеа во својата претседателска кандидатура во 2008 год., тој ги формулираше неколкуте принципи на политичко лидерство кои политичките лидери би можеле да ги земат предвид. Следниве принципи се извлечени од книгата „Лидерство" на Руди Џулиани:



**Руди Џулиани,**
**градоначалник**
**на Њујорк 1994 – 2011**

***1. Знај што е она во што веруваш, за што се залагаш, што ти е важно, која е твојата цел.***

***2. Да се биде лидер значи да се биде оптимист***

Мора да го согледаш проблемот и да знаеш како да го пребродиш со оптимизам. Мора да си способен „да сонуваш" за подобра ситуација за истата и да се постигне. Води ги луѓето со надеж и дај им на луѓето надеж дека она што го правиш сега може да стане реалност. Биди најсмирената личност во просторијата при вонредна состојба. Тоа ќе ти помогне во изнаоѓање на најдобро решение за ситуацијата.

***3. Да се биде лидер значи да се има храброст, да се ризикува***

***4. Неуморната подготовка го намалува ризикот***

Секогаш предвидете ги сите можни сценарија, иако без разлика како се подготвувате и предвидувате секогаш ќе има нешто што може да се случи, а вие да не сте подготвени. Менаџментот со кризи е важен затоа што помага во намалување на нештата за кои не сте се подготвиле.

***5. Тимска работа***

Една од поголемите грешки што еден лидер може да ја направи е да мисли дека е непогрешен. Кои се моите слабости? Како може да најдам луѓе кои ќе ми помогнат да ги надоместам моите слабости?

***6. Да се биде добар лидер значи да се комуницира***

Биди и учител и мотиватор. Не е доволно да се знае што треба да се направи, туку истото мора и добро да се соопшти. Доколку имате далекусежна цел, мора да имате репер (статистика) за да знаете дали сте на добар пат. Но, статистиката е недоволна, мора да знаете како да се грижите за луѓето.

# 6

# ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ДЕМОКРАТСКИТЕ РЕЖИМИ

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ДЕМОКРАТСКИТЕ РЕЖИМИ

### 6. 1. Политичките партии и промената во општеството

**Демократијата има различно лице во секоја земја и секое општество.** Конкретната форма на демократски поредок зависи и од националната историја, традиција и култура, социјалните, етничките и религиозните особености на општеството, неговиот економски потенцијал, тежината на регионалните фактори и останато. Сепак, постојат неколку основни елементи кои мора да се присутни во секое демократско општество.

**Основни елементи на демократијата**

- Владејачките тела мора да бидат пополнети со избрани авторитети кои одговараат пред гласачите.,
- Мора редовно да има слободни и фер избори.
- Сите возрасни треба да го поседуваат правото на глас и да бидат избрани за политичка функција.
- Мора да владее слобода на мислење без никој да биде прогонуван за слободно изразување на своето мислење.
- Треба да се гарантира слободен пристап до алтернативни и плуралистички извори на информации.
- Мора да постои правото за формирање на независни здруженија, интересни групи и политички партии за претходно споменатите права да може да се спроведат.

Независно од својата организација во различни земји, демократијата има потреба од институции кои ќе овозможат нејзина консолидација, стабилност и проекција и кои ги заштитуваат „младите" демократии од оспорување или дури и од поголеми неуспеси. Шансата за стабилизација и консолидација во демократијата многу зависи од тоа како соодветниот демократски поредок е институционализиран, кое ниво на потенцијал се нуди од страна на демократските институции за справување со предизвиците од политичка и општествена промена и како се обезбедува легитимноста на политичкиот систем.

**Без разлика како е организирана демократијата во одделни случаи, политичкиот систем, политичките партии се главните институции на демократијата. Без партии, нема демократија.**

Основните функции на политичките партии веќе беа разгледани. Сепак, партиите немаат монопол во извршувањето на овие функции и денес, многу повеќе отколку во минатото, се натпреваруваат со другите организации кои ги вршат истите функции, барем во одделни области и на тој начин се во натпревар со нив. Сепак, суштинската карактеристика по која се препознава една партија е и останува нејзиното учество на избори.

Иако партиите ги исполнуваат основните функции на политичкиот систем и демократија, тие, исто така, се соочуваат со посебни предизвици во модерните демократии. Општествената промена и ефикасноста (или неефикасноста) во справување со последиците од променливите општества во полето на политиката се главни причини за овие нови предизвици на политичките партии.

- Класична дилема на политичките партии е нивната невозможност истовремено да ги задоволат сите очекувања адресирани до нив. Бидејќи ги имаат запоседнато политичките инстанции за донесување на одлуки, луѓето очекуваат концепти и решенија за проблемите и побарувањата. Меѓутоа, неколку групи секогаш ќе се чувствуваат хендикепирано и ќе се појават со нови барања, кои најчесто никогаш не може во целост да бидат задоволени. Само помислете на очекувањата според кои државата треба истовремено да понуди јавни добра и за внатрешна и за надворешна сигурност, добро развиена сообраќајна мрежа, јавни училишта, болници и јавно сместување или бенефиции, без зголемување на даноците и без националниот долг да оди нагоре. Оттука, партиите се ставени во постојан конфликт помеѓу неисполнетите очекувања и решенијата за кои владее став дека се неадекватни.

- Од општествената промена и развојот на расцепканите општества произлегоа нови предизвици, кои се карактеризираат со распад на традиционалното милје, ерозија на претходно стабилниот систем на вредности и посветеноста на тој систем, повисоко ниво на едукација, плурализам од информативни извори, како и индивидуална организација на личните односи. „Промена во вредностите", „индивидуализација", „општество на настани" и „расцепканост на интереси" се поимите со кои се опишуваат општествените феномени, а кои директно се рефлектираат на односот кој го имаат граѓаните кон партиите. Онаму каде се губат социјалните односи, посветеноста кон политичките партии станува сè послаба. Партиите го чувствуваат овој ефект не само во форма на намалување на членството, туку и во падот на стабилното гласачко милје и непредвидливите изборни прогнози и резултати од изборите.

- Промената во масовните медиуми и начинот на известување, зголемениот натпревар за внимание и публика, како и проширувањето на „истражувачкото" новинарство доведе до нова форма на известување за политиката, во која идеите, вредностите и резултатите се помалку важни од емотивноста, моралот, скандалите и персонализацијата во форма на „инфозабава". Политичките скандали и личното однесување и неморал на политичарите денес побргу се дознаваат.

Ова, секако, е придобивка во поглед на транспарентноста и демократската контрола, но може, исто така, да придонесе и кон разочарување и понекогаш и тривијализација на политиката и нејзините играчи. Први кои ќе ги почувствуваат последиците од ова се партиите.

- „Модерната“ дилема на политичките партии произлегува од глобализацијата. На национално ниво, глобализацијата и нејзините последици го редуцираа просторот за политичко маневрирање и ја префрлија моќта за донесување одлуки и способноста за менаџмент на наднационални и меѓународни играчи. Иако граѓаните очекуваат националните политички актери да одлучат за сопствените барања и очекувања, важните прашања не може да се решат од страна на националните донесувачи на одлуки. Како последица на ова, политичките партии се соочуваат со губење на довербата во сопствениот капацитет да одлучуваат за важни прашања од национален интерес.

Овие случувања имаат сериозни последици по партиите и партискиот систем:

- Партиските системи денес имаат многу поголема склоност кон модификации и се порасцепкани.
- Времето на големи масовни партии се чини дека помина. Во најмала рака, иако некои партии сè уште може да одржуваат големо членство, денес е многу потешко да се организираат големи масовни собири.
- Минатиот виртуелен монопол на партиите како извор и место за политичка информација и размислување се негира во ерата на масовните медиуми, модерните информатички техники, како интернетот и алтернативните области за политичко учество надвор од партиите.



- На партиите им е потешко да ги задржат долгорочно таканаречените лојални гласачи од одделни средини.
- Севкупното ниво на доверба на населението во партиите и политичарите опадна, а опадна и волјата да се ангажираат политички, особено меѓу младината.
- Масовните медиуми печатат повеќе извештаи за политички скандали и за реалните или наводни мани на партиите и неспособноста на врвните лидери да водат и решаваат проблеми. На истиот начин како што се зголемија потешкотиите на политичкиот менаџмент во ерата на финансиска, политичка и еколошка глобализација, така се зголемија и техничките можности за критичко известување. Зголемената конкуренција помеѓу ТВ-каналите и печатените медиуми, исто така, придонесе трендот на известување да биде повеќе во врска со реалниот и наводен неморал на политичарите.
- Поединечните улоги кои владејачките и опозициските партии ги играа во минатото повеќе не се јасни, бидејќи не значи дека големите опозициски партии имаат корист од незадоволството на гласачите, туку наместо тоа губат гласачи на сметка на малите и понови протестни партии.

Сепак, не се само партиите тие на кои повлијаеја скорешните еволуции на општеството. Всушност, постои дури и едно општо губење на доверба во другите институции и големите општествени организации, како работничките синдикати. Промените, сепак, се посебно видливи од страна на партиите, бидејќи тие се најизложени на јавна перцепција. Овие еволуции кои значеа ослабување на поединечни партии не значат и криза во демократијата, туку посочуваат на транзиција во друга форма на демократија, во која партиите може сè уште да ги исполнуваат горенаведените функции, но другите општествени институции како и медиумите мора да имаат поголемо влијание врз процесот на градење на политичкото мнение во споредба со порано.

И покрај оваа загуба на влијанието на другите играчи, еден суштински фактор останува непроменет: Партиите сè уште се институциите од кои се очекуваат концепти и одлуки за справување со проблемите во општеството, бидејќи тие ги држат органите за политичко однесување на одлуки. Партиите, исто така, се единствените институции кои учествуваат во избори и чија репрезентативност може да се измери со изборните резултати.

Ослабувањето и расцепканоста на партиските системи главно е проблематична, затоа што не постои алтернатива на демократската партиска држава. Здруженијата, граѓанските иницијативи и општествените движења може да се зголемат и нивното политичко влијание може сè уште да расте. Ова делумно значи консолидација на демократијата. Сепак, со сета оправданост на грижите околу ваквите организации, нивното зголемено влијание е проблематично, затоа што тие не можат да ја поткрепат својата репрезентативност и да се справат со барањата на јавноста. Само партиите ја имаат таа легитимност преку демократските избори.

Моќта на медиумите може да продолжи да расте. Сепак, кога ќе се земе предвид консолидацијата на печатените и телевизиски компании и доминантноста на неколку ИТ компании, оваа еволуција мора да биде проследена со проширување на демократската контрола и транспарентност, која на крајот е единствено можна во контекст на институциите на репрезентативната демократија.

## 6. 2. Критериуми за одржлива и успешна партиска работа

Партиите треба постојано да се стремат да ги извршуваат своите функции при променливи општествени услови. Независно од регионалните и национални општествени особености, или изборниот и владејачки систем, има неколку критериуми кои секоја партија мора да ги почитува и исполнува, со цел успешно да учествува во политичкиот натпревар.[17]



- Партијата има потреба од задоволителна, идентификувана изборна база. Мора да се стреми кон вкоренување во изборните и интересни групи кои сака да ги претставува, се разбира, во склад со сопствените основни вредности и програмскиот профил.

- Партијата мора да се изгради во една проширена организација со цел одржување блискост со граѓаните и способност за мобилизирање на гласачите.

- Партијата мора да изгради организација на отворено членство. Членството е основно во регрутација на идните лидери и е релевантен елемент во финансиската основа. Активната членска организација, сепак, бара внатрепартиска демократија, т.е. членови кои учествуваат политички и кои се способни да го одредат политичкото лидерство и да го постават курсот на партијата.

- Партијата мора да е отворена како за внатрешна, така и за надворешна комуникација. Има потреба од функционален внатрепартиски информативен систем за рангирање и досие за секое свое ниво и членови. Понатаму, потребна е постојана врска со медиумите. Тие се „чуварите" на политичкиот систем во развиената медиумска демократија и ја подигаат јавната свест.

- Партијата мора да развие свој програмски профил, за да се разликува од другите преку формулирање на целите и начините на решавање на реалните тековни проблеми. Целта на програмската работа е да ѝ се овозможи на партијата да ги интегрира очекувањата и побарувањата од јавноста и да промовира идентификација на партијата со граѓаните.

- Партијата мора да покаже висок степен на внатрепартиско владеење. Ова е способност за баланс помеѓу унифициран изглед пред јавноста и внатрепартискиот контроверзен дијалог. Дел од ова владеење е изборот и поддршката од помладата генерација на партиски членови и партиски лидери.

- Партијата треба да е способна за интеграција. Ова е вистинскиот клуч за успех и развој на партијата. Тука се подразбира константниот стремеж за проширување на изборната база, за да се придобијат нови гласачи со различни интереси и млади гласачи со поинаков стил на живеење за да воспостави постојана врска со нив.

- Партијата мора да биде способна за водење кампања. Мора да е способна ефикасно да претставува важни теми и својот профил во јавноста и мора да води безгрешни изборни кампањи со помалку теми и јасна порака за „фокусирана комуникација".

- Партијата мора да биде способна за формирање на коалиција. Бидејќи е тешко една партија, ако не и невозможно, особено кога има гласачки систем на мнозинство гласови во првиот круг, да добие апсолутно мнозинство во парламентот, таа мора да биде способна да формира стабилна коалиција со останатите партии за да покаже способност за владеење. Проблемите со способноста за владеење директно се рефлектираат врз угледот на партиите. При формирањето на коалиција е неопходно да се премине преку можниот длабок програмски и/или личен јаз. Ова е моментот кога политичките лидери треба да ја покажат својата компетентност.

- Партијата мора да ја докаже способноста за владеење и капацитет за решавање проблеми на локално ниво. Во сите земји граѓаните треба да имаат најдиректен контакт со партиите и претставниците во локалната политика. Само ако партиите може да ја докажат својата компетентност и блискоста на граѓаните на ова ниво, може да очекуваат доверба и на национално ниво.

- Партијата мора да е способна да учи од очекувањата и имплементирање на политичките програми кои ги задоволуваат потребите во рамките на општеството. Со оглед на зголеменото значење на општествените невладини организации и интересни здруженија, партиите мора да ги интензивираат своите напори за да бидат во контакт со овие посреднички организации и да ги пренесат во политики.

7

# ЗАКЛУЧОК: НЕМА ДЕМОКРАТИИ БЕЗ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

## 7. ЗАКЛУЧОК: НЕМА ДЕМОКРАТИИ БЕЗ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

**И покрај сите слабости на партиите и наспроти сите предизвици со кои партиите мора да се соочат, едно останува сигурно: без партии демократијата не може да функционира.** Во демократијата партиите сѐ уште се најважната врска помеѓу државата и општеството. Но, навистина тие треба да се адаптираат на општествените промени за да бидат сигурни дека истите нема да ги проголтаат.

Формирањето на политичкото мислење и консензус во масовната демократија е бескрајно напорен, делумно неблагодарен и постојано загрозен процес, кој вклучува еднообразно секојдневие на комитети, комисии и собранија. Процесите на формирање на политичко мислење, градењето на консензус и влада во корист на целото општество не може ни да ги заобиколат, а камоли да бидат контра политичките партии.

Колку и да се потребни граѓанските иницијативи и општествени движења за политичка иновација, опозиција и критика, на крајот, тие многу зависат од партиите за долгорочно да ја одржуваат одговорноста и, всушност, партиите се тие кои мора да се соочат со народот во редовни интервали во контекстот на избори.

Партиите имаат улога на политичко лидерство без кое модерната демократија не може. Посебно во време на промени ова политичко лидерство мора да е одговорно и видливо за граѓаните и поврзано со интересите и барањата на граѓаните. Како што ќе изјави Конрад Аденауер, прв канцелар и премиер на Федерална Република Германија по Втората светска војна: „Секоја политичка партија постои во корист на народот, а не за своја корист“. Од политичките партии, нивните членови и лидери повеќе од кога било се бара да се соочат со оваа одговорност.



**Конрад Аденауер, канцелар на СР Германија 1949 -1961**

# 8

# КРАТОК ОСВРТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

д-р Васко Наумовски
м-р Јован Андоновски

## КРАТОК ОСВРТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1. Развојот на политичките партии во Република Македонија

Создавањето и функционирањето на политичките партии е една од суштинските карактеристики на секој демократски политички систем. Преку изборен натпревар и мобилизирање на гласачите зад определена визија за општеството, партиите им нудат на граѓаните разновиден избор и можност за управување и формирање на иднината на државата. Можно е да нема демократија во партиите, но не може да има демократија без политички партии. Во повеќепартискиот систем, политичките партии најчесто застапуваат различни ставови за најголем дел од прашањата од јавен интерес, и токму тоа претставува движечка сила за позитивен натпревар меѓу субјектите, борејќи се за гласовите на граѓаните. Преку натпревар на идеи, концепти, решенија и политики, граѓаните слободно одлучуваат кому ќе ја дадат довербата.

Во Македонија, од воспоставувањето на државноста после Втората светска војна до денес, се разликуваат неколку развојни фази во политичкиот живот: почетна фаза, во која Комунистичката партија на Македонија (подоцна Сојуз на комунисти на Македонија (СКМ)) како републички разгранок на тогашната Комунистичка партија на Југославија беше единствениот политички субјект во држава. Демократијата и политичките права и слободи во тогашната федерална држава биле непозната категорија, а еднопартискиот систем бил основна карактеристика на политичкиот живот во (тогаш Социјалистичка Република) Македонија. Ваквата состојба се задржува сè до осамостојувањето и воспоставувањето на парламентарната

демократија и политички плурализам во почетокот на деведесеттите години на минатиот век, кога започнува втората развојна фаза, која може да се нарече и почетна демократија.

Во оваа фаза се воспостави квазидемократска состојба, во која, од една страна, старата, но доминантна политичка структура (сега именувана како СКМ-ПДП) изведе делумна реформа на својата организација, структура и програма. Во исто време, на другата страна, новите политички субјекти се наметнуваа со националистичкиот дух (историски или етнички партии), доминантно насочен кон воспоставување на самостојна и суверена македонска држава. Национализмот се наметна како еден вид на платформа со која требаше да се воспостави обединувачка доктрина на Македонците. Во овој период, партиите главно се разликуваа врз основа на определбата дали се наклонети кон демократска трансформација и модернизација на општеството или кон задржување на старите политички и економски односи, со извесни промени карактеристични за новото време.

Третата фаза од развојот на политичките партии датира од првите години на дваесет и првиот век. Тоа е фаза на идеолошка диференцијација на главните политички чинители. Политичките партии прераснаа, или се очекува да прераснат, во субјекти кои (ќе) ги пресретнуваат и артикулираат реалните потреби на граѓаните, притоа нудејќи конкретни програми, релативно дефинирани идеолошки ориентации, како и значително променети во однос на кадровските капацитети.

## 2. Позначајни политички партии во Република Македонија

Една од основните карактеристики на политичките партии во Република Македонија е дека тие во основа се базирани на етничка линија. Доминантните партии во основа се моноетнички, при што сите етнички заедници се претставени барем со една политичка партија, а поголемите со повеќе политички субјекти. Во својата доктрина, партиите се залагаат за креирање на *demos*, но во пракса тие се ослонуваат на *etnos* при идентификувањето и привлекувањето на гласачите. Може да се каже дека во политичкиот систем во Република Македонија беше пропуштена можноста во почетокот на деведесеттите години од минатиот век да се формираат партии базирани на граѓанскиот концепт. Сепак, нагласена е тенденцијата во поново време сите сериозни политички партии да прокламираат единство околу прашањата од стратешки интерес (европски и евро-атлантски интеграции, подобрување на севкупната економска состојба и сл.).

Најголема политичка партија во Собранието е ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО – Демократска партија за македонско национална единство), формирана во 1990 година, дефинирана како народна партија со демохристијанска ориентација. Основана на легатот на историската ВМРО, основана во 1893 година, за да се бори за независноста на Македонија во Отоманската империја и подоцна во Југославија, ВМРО-ДПМНЕ своите почетоци ги базираше доминантно како национална партија. Подоцна, партијата ја редефинираше својата позиција во политичкиот спектрум, позиционирајќи се десно од центарот. Денес, ВМРО-ДПМНЕ е единствениот релевантен политички субјект кој има јасно дефинирана идеологија на народна партија, со демохристијанска определба. Според некои анализи, во последните години ВМРО-ДПМНЕ преку спроведување на инклузивна политика на регрутирање на членови, нудење еднакви можности на поединците и отвореноста за граѓаните во креирањето на политиките ги надминува границите на политичка партија и преминува во нов, повисок стадиум, движење на граѓаните.

Втора по големина политичка партија е СДСМ (Социјалдемократски сојуз на Македонија), партија сукцесор на Комунистичката партија на Македонија. Покрај ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ е единствената партија која има целосно организирана партиска структура и е претставена ширум државата. Иако дефинирана како партија лево од центарот, сепак,

во пракса, често пати спроведувала политика која се разликувала од прогласената идеологија.

Во т.н. албански блок, прва политичка партија беше Партијата за демократски просперитет. Од самиот почеток, Партијата беше бранувана од внатрешни конфликти, најчесто поврзани со нејзиниот пристап кон меѓуетничките прашања. Како резултат на тоа, голем број на водечки членови на ПДП формираа нови партии. По првиот политички пораз изгуби голем дел од своето влијание меѓу гласачите. Следна партија на албанското малцинство во Република Македонија беше Демократската партија на Албанција (ДПА), формирана во 1994 година од соединувањето на Партијата за демократски просперитет на Албанците (ПДПА) и Народната демократска партија (НДП). По вооружениот конфликт во 2001 година и потпишувањето на Рамковниот договор, воените структури на паравоената организација ОНА (Ослободителна народна армија) се трансформираа во политичка партија – Демократска унија за интеграција, чијашто платформа на дејствување е на чисто етнички принципи, залагајќи се за интеграција на албанското малцинство во државата. Во основа, политичките партии кои ја претставуваат албанската заедница практикуваат национална реторика, чиј интензитет е различен, во зависност која партија е во опозиција, односно на власт.

Забележително е и постоењето на голем број мали политички субјекти, од кои дел се обидуваат да ја дефинираат својата позиција на идеолошка основа, додека, пак, некои од нив се т.н. „лидерски" партии – партии кои се концентрирани околу основачот или лидерот. Станува збор за организации со релативно слаба инфраструктура, која го отежнува предвидувањето на нејзините изборни резултати. Овие политички партии најчесто флуктуираат кон поголемите партии и коалиции.

Во изминатите две декади, во Република Македонија се појавуваа и таканаречени „инстант партии", кои имаа краток век на траење.



Таквите субјекти најчесто настануваа како резултат на поделба од претходни партии, но не ретко и како новоформирани ентитети. Најчесто по првиот изборен неуспех или престануваат да постојат или опстојуваат како вонпарламентарни партии.

## 3. Политички коалиции

Главните политички субјекти во левиот и десниот спектар до сега не успеале самостојно да реализираат голема политичка победа на парламентарните или локалните избори. Големиот број на политички партии во демократската понуда придонесува главните актери да бидат принудени речиси секогаш да формираат коалиција со помалите субјекти. Овие коалиции неретко се базирани на заемни интереси и програмски договор по однос на прашањата од стратешки интерес за државата. Помалите партии најчесто ги надминуваат идеолошките параметри и се засновани на интерес на одделни групи. Најчесто, политичките коалиции се формирани на етничка основа, што колку е предност за демократијата, претставува и извесен ограничувачки функционален фактор: коалициите не се формирани врз основа на изборна платформа, туку врз база на неформален договор, кој честопати се сведува на договор за распределба на позиции. Коалицијата не секогаш може да се преслика од национално на локално ниво, поради различната конфигурација и интереси на тоа ниво, а доколку коалицијата не победи на изборите, врската помеѓу партиите речиси и да не постои.

Во изминатите изборни циклуси се забележани и случаи на преминување на помалите политички партии од една во друга коалиција, предводена од една од двете најголеми политички партии, што е уште еден показател за отсуството на идеолошка основа на коалицирањето.

## 4. Идеологии

Македонските политички партии најчесто јасно ја истакнуваат својата идеолошка определба, прифаќајќи ги веќе воспоставените идеологии: демохристијанска, социјалдемократска, социјалистичка, либерална итн. Се забележува и постоење на политички партии кои немаат јасно изразена идеолошка определба, туку нивните политички заложби се ограничуваат на унапредување на правата на етничките заедници кои ги претставуваат.

Двете најголеми политички партии во државата ги застапуваат и двете доминантни политички идеологии на европскиот континент – демохристијанството и социјалдемократијата.

ВМРО-ДПМНЕ недвосмислено во својот статут ја изразува и идеолошката определба: „ВМРО-ДПМНЕ е народна партија со демохристијанска ориентација, која се заснова врз христијанско поимање за човекот и дава етичка основа за одговорна политика. Партијата во исто време е одговорна кон секој кој ги почитува достоинството и слободата на другите луѓе, како и од нив изведените темелни вредности на партиската политика. Тоа е основа на заедничкото дејствување на христијаните и нехристијаните во ВМРО-ДПМНЕ".[18]

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, исто така, уште во своето преименување во 1991 година ја прифати социјалдемократската политичка идеологија. Оваа политичка партија е наследник на Сојузот на комунистите на Македонија, која со воведувањето на плурализмот кратко време беше именувана и како Сојуз на комунистите на Македонија - Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП).

Меѓу позначајните партии на етничките заедници се вбројуваат: Демократската унија за интеграција, Демократската партија на Албанците, Демократскиот сојуз на Србите во Македонија, Демократскиот сојуз на Турците во Македонија, Партијата за движење на Турците, Сојузот на Ромите од Македонија, Партијата за целосна еманципација на Ромите, Партијата на Власите од Македонија, Бошњачката демократска акција итн.

Во изминатите две децении во Македонија дејствувале и политички партии со други ориентации, како, на пример: Земјоделската народна партија на Македонија, Работничката партија на Македонија, Републиканската партија на Македонија, Демократско-републиканската унија на Македонија, и многу други, меѓутоа нивното дејствување е краткотрајно и најчесто завршува после еден или два изборни циклуса.

И покрај изразувањето на идеолошката определба, политичките партии во Македонија неретко спроведуваат политики кои не се целосно компатибилни со нивната ориентација. Некои од потезите на политичките партии додека тие биле на власт се оценуваат како чекори кои не се типични за партии со нивната определба. Така, за време на владеењето на партиите од левицата се спроведе процес на приватизација на државниот капитал, додека за време на владеењето на партиите од десницата се зголемуваа пензиите и субвенциите за земјоделците.

## 5. Внатрепартиска демократија и конфликти

Формално, партиите во Македонија во своите статутарни одредби и програмски платформи се застапници на внатрепартиската демократија, гарантирајќи слобода на изразување на мислењето, дури и кога тоа е спротивно на официјалните партиски ставови. Сепак, во досегашната кратка историја на политичките партии се забележуваат состојби кои не секогаш се во насока на обезбедување целосна внатрепартиска демократија.

Имено, во сите поголеми политички партии се забележани случаи на исклучување од членство на поединци кои изразиле ставови кои се во спротивност со официјалните позиции, со што се доведува во прашање можноста  за различност на мислењето како основа за внатрепартиската демократија. Така, во политичката партија ВМРО-ДПМНЕ во изминатите години е забележано исклучување од членство на поранешни потпретседатели на Партијата, додека во СДСМ е забележано исклучување на поранешен претседател, потпретседатели и други партиски функционери од Партијата.

Битна карактеристика на развојот на политичките партии за време на изминатите две декади е и релативно големиот број на разединувања и спојувања помеѓу истите. Како причини за разединување и поделба на партиите може да се наведе доминирањето на персоналната над општествената или идеолошката агенда. Дополнително, како причина за спојувањето на партиите е неможноста на минорните политички субјекти, со мало членство и гласачко тело да се наметнат како сериозен фактор на одлучување во државата. Подеднакво збунувачка е тенденцијата на употреба на варијации на името на оригиналната политичка партија, кое често пати се сведува на партии со речиси исти имиња.

И во двете политички партии најтесното раководство има клучна улога во именувањето на локалните партиски функционери, кои, пак, ги сочинуваат пошироките партиски органи (централни комитети или одбори).[19] На тој начин, не се остава можност за промена на партиското раководство, што во практиката резултираше со создавање на нови политички субјекти кои произлегуваат од двете најголеми партии. Од ВМРО-ДПМНЕ произлегоа повеќе партии со предзнакот „ВМРО": Народна, Вистинска, Обединета, Татковинска итн., иако ниту една од нив не забележа позначаен изборен резултат, и речиси сите повторно се претопија во матичната партија. Од СДСМ, пак, произлегоа Демократската партија, Новата социјал-демократска партија, Партијата на слободни демократи и др. – сите како резултат



на несогласувањата со партиското раководство. И во овој случај после извесен временски период се случува повторно враќање во матичната партија или коалицирање со неа.

Заедничка карактеристика за сите политички партии е улогата на партискиот претседател, позиција која е клучна и за именување на партиското раководство на централно и на локално ниво. Во сите случаи на доброволно повлекување на претседателот  тој има клучна улога во именување на својот наследник. Како можност за надминување на оваа состојба се споменуваат директни внатрепартиски избори на раководствата, но досега не е воведена можност за реализација на оваа замисла.

## 6. Внатрешна организација на партиите

Речиси сите политички партии се организирани на сличен начин – на локално ниво се основани нивни општински ограноци, додека на централно ниво тие се застапени во едно пошироко претставничко тело, и едно извршно тело. Постојат и партиски младински организации, организации на жените, сениорите, партиски институти и академии и останати асоцијации. Сепак, во најголем број случаи овие партиски асоцијации немаат суштинска улога и влијание при носењето на внатрепартиските одлуки.

Во однос на меѓународната соработка на партиите, двете најголеми партии се соодветно интегрирани во европските и други меѓународни асоцијации – ВМРО-ДПМНЕ во Европската народна партија и во Меѓународната демократска унија, а СДСМ во Партијата на европските социјалисти и Социјалистичката интернационала.

## 7. Натамошни перспективи

Што може да се заклучи од досегашниот развој на политичките партии во Република Македонија, и кои би биле можните идни правци? Имајќи ја предвид релативно кратката историја на македонскиот политички плурализам, забележителни се неколку состојби кои би можеле да претрпат промени во наредниот период. Прво, континуираната состојба на постоење партии формирани на етничка основа не е во целосна компатибилност со повеќеетничкиот унитарен карактер на општеството и на државата. Постоењето на повеќеетнички коалиции е чекор кон промени во оваа сфера, но сè уште не е создадена предизборна коалиција која ќе вклучува партии и од најголемите партии на Македонците и на Албанците. Второ, нецелосната идеолошка дефинираност е присутна подолго време, иако се прават обиди за зацврстување на партиските идеологии, кои не секогаш се компатибилни со практичното спроведување на политиките кога тие се на власт. Трето, неопходни се натамошни реформи во насока на зацврстување на внатрепартиската демократија, која ќе остави можност за различност на мислењата. Инсистирањето на хомогеност во ставовите честопати ја исклучува можноста за конкуренција внатре во партиските тела, која, пак, би можела да резултира со нови идеи и подобри резултати на самата партија. Четврто, улогата на партиските претседатели е доминантна, па честопати изборот помеѓу партиските програми се идентификува со избор помеѓу водечките личности. Во некои политички партии се забележува и континуирана позиционираност на некои личности во партиските раководства во период од дваесет години, што, секако, не е соодветно за партија која нуди можности за нови личности и нови идеи во својата структура и програма.

Сè уште младата македонска демократија е предизвик за политичките партии и може да се претпостави дека самите тие ќе поминат низ нови фази на својот развој. Нивниот успех, а за некои и опстанок, ќе биде определен од нивното приспособување на промените во општеството и државата, но и од нивната посветеност за изградба на здрава демократска средина – цел што е заедничка за сите македонски граѓани.

# 9

# ФУСНОТИ И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

**Фусноти**

1 Anthony Downs, *An Economic Theory of Democracy* (New York: Harper & Brothers,1957), 25.

2 Cf, for instance, Russell J. Dalton and Martin P. Wattenberg, "Unthinkable Democracy: Political Change in Advanced Industrial Democracies", in *Parties without Partisans: Political Change in Advanced Industrial Democracies*, eds. Russell J. Dalton and Martin P. Wattenberg (Oxford and New York: Oxford University Press, v000), 3-18.

3 With more details cf. Arend Lijphart, *Patterns of Democracy: Government Forms and Performance in Thirty-Six Countries* (New Haven and London: Yale University Press, 1999), Chapter 5.

4 Francis Fukuyama, *The End of History and the Last Man* (New York: Harper Perennial, 1992).

5 Figure based on Peter Lösche, *Parteiensystem der Bundesrepublik Deutschland* (Bonn: Bundeszentrale für politische Bildung, 2006), 27.

6 Gerd Langguth, *Machtmenschen. München: Deutscher Taschenbuch-Verlag* (2009) 483ff.

7 Otfried Jarren and Patrick Donges, *Politische Kommunikation in der Mediengesellschaft: Eine Einführung* (Wiesbaden: Verlag für Sozialwissenschaften 2. überarbeitete Auflage, 2006), S. 236.

8 Karl-Rudolf Korte and Manuel Fröhlich, *Poltiik und Regieren in Deutschland* (Paderborn: Schöningh, 2. Aufl., 2006), S. 188.

9 Hans Mathias Kepplinger and Marcus Maurer *Abschied vom rationalen Wähler: Warum Wahlen im Fernsehen entschieden werden* (Freiburg/München: Verlag Karl Alber, 2005), S.188.

10 Robert Michels, *Zur Soziologie des Parteiwesens in der modernen Demokratie* (Stuttgart:Kröner, 1911/1989).

11 In this regard the Konrad-Adenauer-Foundation has collected some useful information and tips in a manual: KAS (Hrsg.), *Handbuch Politische Kommunikation*, (Belgrad, 2006).

12 For additional reading on the issue of the relationship between political parties and interest groups, see Arend Lijphart, *Patterns of Democracy. Government Forms and Performance in Thirty-Six Countries* (New Haven and London: Yale University Press, 1999) and Ulrich U.A.

Alemann, *Interessenverbände*. Informationen zur Politischen Bildung (Heft 253) (Bonn: Bundeszentrale für politische Bildung, 1996).

13 Wolfgang Jäger,*Fernsehen und Demokratie. Scheinplebiszitäre Tendenzen und Repräsentation in den USA, Großbritannien, Frankreich und Deutschland* (München, 1992),S. 81

14 Karl-Rudolf Korte, "Wie Parteien auf komplexe Wählermärkte reagieren", in *Blätter dür deutsche und internationale Poltiik* 6/2000, S. 707-716.

15 Politics as a Vocation, http://www.ne.jp/asahi/moriyuki/abukuma/weber/lecture/politics_vocation.html

16 Richard Stengel, "Mandela: His 8 Lessons of Leadership", *Time Magazine*, July 9, 2008, http://www.time.com/time/world/article/0,8599,1821467,00.html

17 The list of the first eight of those eleven criteria is partially cited word-for-word in Hans - Joachim Veen, "Die Bedeutung politischer Parteien für Demokratie und Demokratisierung" ["The significance of political parties for democracy and democratization"] in *Parteien und Demokratie: Beiträge der Internationalen Fachkonferenz zum KAS-Demokratiereport* edited by Gerhard Wahlers and Karsten Grabow (Berlin-Sankt Augustin: Konrad-Adenauer-Stiftung), 33f.

18 Член 7 од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ

19 Член 28 од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ и член 33 од Статутот на СДСМ.



**Користена литература**


Alemann, Ulrich u.a.. *Interessenverbände*. Informationen zur Politischen Bildung (Heft 253). Bonn: Bundeszentrale für politische Bildung, 1996.

Dahl, Robert. *Polyarchy: Participation and Opposition*. New Haven, 1971.

Dalton, Russell J. and Martin P. Wattenberg. "Unthinkable Democracy: Political Change in Advanced Industrial Democracies". In *Parties without Partisans: Political Change in Advanced Industrial Democracies*, edited by Russell J. Dalton and Martin P. Wattenberg. Oxford and New York: Oxford University Press, 2000.

Downs, Anthony. *An Economic Theory of Democracy*. New York: Harper & Brothers, 1957.

Finer, Herman. *The Theory and Practice of Modern Government*. Westport: Greenwood Press, 1950/1970.

Fukuyama, Francis. *The End of History and the Last Man*. New York: Harper Perennial, 1992.

Heywood, Andrew. *Politics*. Houndmills: Palgrave Macmillan, 2002.

Jäger, Wolfgang. *Fernsehen und Demokratie: Scheinplebiszitäre Tendenzen und Repräsentation in den USA, Großbritannien, Frankreich und Deutschland*. München: Beck, 1992.

Jarren, Otfried and Patrick Donges. *Politische Kommunikation in der Mediengesellschaft: Eine Einführung*. 2nd edition. Wiesbaden: VS -Verlag für Sozialwissenschaften,2006.

Kepplinger, Hans Mathias and Marcus Maurer. *Abschied vom rationalen Wähler: Warum Wahlen im Fernsehen entschieden werden*. Freiburg/München: Verlag Karl Alber, 2005.

Konrad-Adenauer-Stiftung, ed. *Handbuch Politische Kommunikation*. Belgrad, Berlin and elsewhere, 2006 (available in German, English, Albanian and other languages).

Karl-Rudolf Korte. "Wie Parteien auf komplexe Wählermärkte reagieren". In *Blätter für deutsche und internationale Politik* 6/2000, pp. 707-716.

Korte, Karl-Rudolf and Manuel Fröhlich. *Politik und Regieren in Deutschland*. Paderborn: Schöningh, 2006.

Langguth, Gerd. *Machtmenschen*. München: Deutscher Taschenbuch-Verlag, 2009.

Lijphart, Arend. *Patterns of Democracy. Government Forms and Performance in Thirty- Six Countries*. New Haven and London: Yale University Press, 1999.

Lösche, Peter. *Parteiensystem der Bundesrepublik Deutschland*. Bonn: Bundeszentrale für politische Bildung, 2006.

Michels, Robert. *Zur Soziologie des Parteiwesens in der modernen Demokratie*. Stuttgart: Kröner, 1911/1989.

Müller, Wolfgang C. and Kaare Strøm, eds. *Policy, Office or Votes? How Political Parties in Western Europe Make Hard Decisions*. Cambridge: Cambridge University Press, 1999.

Olson, Mancur. *Aufstieg und Niedergang von Nationen: Ökonomisches Wachstum, Stagflation und soziale Starrheit*. Tübingen: Mohr Siebeck, 2. Aufl, 2004.

Sartori, Giovanni. *Parties and Party Systems. A Framework for Analysis*. Cambridge: Cambridge University Press, 1976.

Stengel, Richard. "Mandela: His 8 Lessons of Leadership". In *Time Magazine*, July 9, 2008.

Strøm, Kaare. "A Behavioral Theory of Competitive Political Parties". In *American Journal of Political Science*, Vol. 34, No. 2, 1990. pp. 565-598.

Veen, Hans-Joachim. "Die Bedeutung politischer Parteien für Demokratie und Demokratisierung". In *Parteien und Demokratie: Beiträge der Internationalen Fachkonferenz zum KAS-Demokratiereport*, edited by Gerhard Wahlers and Karsten Grabow, 25-36. Berlin/Sankt Augustin: Konrad-Adenauer-Stiftung, 2007.

Weber, Max (1988). "Politik als Beruf"., In ders.: *Gesammelte Politische Schriften*, edited by Johannes Winckelmann), 5th edition. Tübingen: Mohr, 1988.



## Дополнителна литература

Beyme, Klaus von. Parteien im Wandel: Von den Volksparteien zu den professionalisierten Wählerparteien. Wiesbaden: Westdeutscher Verlag, 2000.

Diamond, Larry J. and Richard Gunther, eds. Political parties and democracy. Baltimore: The Johns Hopkins University Press, 2001.

Duverger, Maurice. Les Partis Politiques. Paris: Armand Colin, 1951.

Grabow, Karsten and Gerhard Wahlers, eds. Parteien und Demokratie. Berlin: Konrad- Adenauer-Stiftung, 2007.

Grabow, Karsten and Patrick Köllner, eds. Parteien und ihre Wähler. Gesellschaftliche Konfliktlinien und Wählermobilisierung im internationalen Vergleich. Berlin: Konrad-Adenauer-Stiftung, 2008.

Katz, Richard S. and Peter Mair. "The Evolution of Party Organizations in Europe: The Three Faces of Party Organization". In The American Review of Politics, 14, pp. 593-617. 1993.

Katz, Richard S. und Peter Mair. "Changing Models of Party Organization and Party Democracy. The Emergence of the Cartel Party". In Party Politics, Vol. 1, No. 1, pp. 5-28. 1995.

Kirchheimer, Otto (1966). "The Transformation of the Western European Party Systems". In Political Parties and Political Development, edited by Joseph LaPalombara and Myron Weiner, 177-200. Princeton: Princeton University Press, 1966.

Kitschelt, Herbert. The Logics of Party Formation. Ecological Politics in Belgium and West Germany. Ithaca: Cornell University Press, 1989.

Kitschelt, Herbert et al.. Latin American Party Systems. Cambridge: Cambridge University Press, 2010.

Konrad-Adenauer-Stiftung. Parties and Democracy. The KAS Democracy Report 2007. Bonn: Bouvier, 2007.

Konrad-Adenauer-Stiftung. Parteien und Parteienkooperationen der KAS in Lateinamerika. Berlin/Sankt Augustin: Konrad-Adenauer-Stiftung, 2008.

Konrad-Adenauer-Stiftung. Parties and Democracy, Vol. II. The KAS Democracy Report 2009. Berlin/Sankt Augustin: Konrad-Adenauer-Stiftung, 2009.

Konrad-Adenauer-Stiftung. Parteiendialoge und -kooperationen der KAS in Asien. Berlin/Sankt Augustin: Konrad-Adenauer-Stiftung, 2010.

Liang Fook Lye and Wilhelm Hofmeister, eds. Political Parties, Party Systems and Democratisation in East Asia. Singapore: World Scientific Publishing, 2010.

Mainwaring, Scott and Timothy R. Scully, eds. Building Democratic Institutions: Party Systems in Latin America. Stanford: Stanford University Press, 1995.

Mair, Peter, ed. The West European Party System. Oxford: Oxford University Press,1990.

Merkel Wolfgang und Eberhard Sandschneider, eds. Systemwechsel 3: Parteien im Transformationsprozeß. Opladen: Leske & Budrich, 1997.

Panebianco, Angelo. Political Parties. Organization and Power. Cambridge: Cambridge University Press, 1988.

Webb, Paul D., David M. Farrell and Ian Holliday, eds. Political parties in advanced industrial democracies. Oxford: Oxford University Press, 2002.

Weissenbach, Kristina. Political Parties and Party Types. Conceptual Approaches to the Institutionalization of Political Parties in Transitional States: Case of the Philippines. Manila: Konrad-Adenauer-Stiftung, 2011. Available at: http://www. kas.de/philippinen/en/publications/21710/.



**Фотографии**

Страница 13
Предвремени парламентарни избори во Република Македонија –
Митинг на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, мај/јуни 2011
Извор: www.vecer.com.mk

Страница 25
Предвремени парламентарни избори во Република Македонија –
Митинг на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, мај/јуни 2011
Извор: www.mia.com.mk

Страница 34
Трибина на ВМРО-ДПМНЕ во општина Петровец, јуни 2012
Извор: www.vmro-dpmne.org.mk
Страница 50
Трибина на Институтот Павел Шатев, мај 2011
Извор: www.kurir.mk

Страница 52
Партиски конгрес на Демохристијанската унија на Германија,
декември 2012
Извор: www.novinite.com

Страница 58
Собрание на Република Македонија, Конференција на тема
„Демократијата и родовата еднаквост“, септември 2012
Извор: www.sobranie.mk

Страница 67
„Марш за мирот“ во Скопје, март 2012
Извор: www.mkd.mk

Страница 75
Сала на Собрание на РМ
Извор: www.mkd.mk

Страница 79
Бранко Црвенковски, претседател на СДСМ, и Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ
Извор: www.makdenes.org

Страница 83
Нелсон Мандела, претседател на Јужноафриканската Република 1994 – 1999
Извор: www.wikipedia.org

Страница 86
Руди Џулиани, градоначалник на Њујорк 1994 – 2011
Извор: www.wikipedia.org

Страница 99
Конрад Аденауер, канцелар на СР Германија 1949 – 1961
Извор: Konrad-Adenauer-Stiftung



## За авторите

**Д-р Вилхелм Хофмајстер** (Dr. Wilhelm Hofmeister) е директор на регионалниот проект на Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) во Сингапур – „Политички дијалог со Азија“. Претходно бил претставник на Фондацијата во Чиле, заменик-директор на Одделот за меѓународна соработка во централата на Фондацијата и во периодот од 1999 до 2009 бил директор на КАС центарот за истражување во Рио де Женеиро во Бразил.

Контакт: Wilhelm.Hofmeister@kas.de

**Д-р Карстен Грабов** (Dr. habil. Karsten Grabow) е координатор за политички студии и партиски истражувања во тимот за внатрешна политика на Фондацијата Конрад Аденауер во Берлин. До крајот на 2010 година бил дел од Одделот за европска и меѓународна соработка (EIZ) и одговорен за меѓународната партиска соработка на КАС.

Контакт: Karsten.Grabow@kas.de

Konrad
Adenauer
Stiftung

ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ се институции кои ја карактеризираат модерната демократија. Тие ги артикулираат и ги обединуваат општествените интереси, развиваат програми и го поврзуваат општеството со државата. Тие регрутираат кандидати за изборите, избираат политички лидери и организираат влади. Тие промовираат политичко учество на граѓаните. Уште повеќе, тие придонесуваат кон легитимноста на демократскиот политички систем.

Во оваа книга политичките партии се претставени како централни институции на модерната демократија. Главните теми кои се опфатени се: карактеристиките и функционирањето на партиите, основните елементи на нивната организација, нивниот политички и социјален контекст, како и проблемите на партиската демократија и специфичните предизвици со кои тие се соочуваат. Книгата, исто така, дава и кус осврт на пејзажот на политичките партии во Република Македонија и ги опишува нивните идеологии и политички коалиции.

Цел на книгата е да посредува основни информации за различните аспекти на политичките партии. Во исто време, нејзината намера е да покрене интерес за ангажман на читателот во рамки на политичка партија.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

329

ХОФМАЈСТЕР, Вилхелм
Политички партии : функционирање и организација во демократските
општества / Вилхелм Хофмајстер, Карстен Грабов ; [превод од англиски
јазик Перица Сарџоски]. - Скопје : Фондација Конрад Аденауер, 2013.
- 122 стр. ; 25.5 см

Превод на делото: Political parties / functions and organisation in
democratic societies / Wilhelm Hofmeister, Karsten Grabow

ISBN 978-608-4648-04-8
1. Грабов, Карстен [автор]. - I. Hofmeister, Wilhelm види Хофмајстер, Вилхелм
а) Политички партии
COBISS.MK-ID 93063946

ISBN 608-4648-04-8
9 786084 648048